# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ДСУ РЦСОО„КИРО БУРНАЗ“- КУМАНОВО




**Куманово, 2023**

# 1. ВОВЕД

Самоевалуацијата се смета за најважен механизам за унапредување на квалитетот во образованието. Таа е инструмент за јакнење на училиштето и унапредување на квалитетот на образованието. Преку самоевалуацијата се воочуваат можностите, предностите (добри и лоши страни), но и недостатоците (слабости), со цел да се превземат потребните мерки за подобрување и да се одредат развојните приоритети и цели.

Училиштето како комплексна заедница од наставници, ученици и нивните родители, мора да знае:

Какво училиште сме ние?

Што е добро во нашето училиште и тоа да го подржиме?

Што не е добро и истото да го промениме?

Со цел да добиеме одговор на овие прашања, преку повеќе извори на податоци ги собравме и обработивме релевантните информации гледани од перспектива на сите учесници во процесот на образование.

## 2. ЦЕЛ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Целта на самоевалуацијата е објективно и постојано унапредување на квалитетот на работата во училиштето. Самоевалуацијата е знак дека училиштето е спремно да ја прифати одговорноста за сопствената работа и развој.

Значи се очекува дека оваа самоевалуација ќе овозможи јакнење на училиштето и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

### 2.1 Поединечни цели на самоевалуацијата

- Утврдување на она што е добро во училиштето;
- Утврдување на она што не е добро со цел истото да се промени;
- Претставување во јавноста со она што добро го работиме и превземање одговорност за она што треба да се промени;
- Да се подигне нивото на одговорност на сите вклучени во процесот на воспитание и образование во училиштето, со цел подобрување на квалитетот на работата;
- Подигнување на нивото на мотивација за поквалитетна работа;
- Унапредување на професионалниот развој на сите вработени во училиштето;
- Постојано надоградување и унапредување на сопствената работа и работата на училиштето како заедница;
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето. Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.

***Оваа самоевалуација не е само збир на информации и преставување на податоци. Таа треба да преставува континуиран процес на интерпретација и барање на конкретни решенија.***

## 3. Процес на самоевалуација

**ФОРМИРАЊЕ НА ТИМ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

↓

**ПРИМЕНА НА СООДВЕТНИ ИНДИКАТОРИ МЕТОДИ И ИНСТРУМЕНТИ**

↓

**СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА ВО УЧИЛИШТЕТО**

↓

**АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА**

↓

**ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА**

↓

**ИЗРАБОТКА НА УЧИЛИШЕН РАЗВОЕН ПЛАН**

### 3.1 Формирање на тим за самоевалуација

| | |
|---|---|
| **1.** | **Наставен план и програм** |
| ❖ | Виолета Пешевска |
| ❖ | Татјана Митевска |
| ❖ | Жаклина Величковиќ |
| 2. | Постигање на ученици |
| ❖ | Зоран Тодоровски |
| ❖ | Бранислава Јовановска |
| ❖ | Виолета Симоновска |
| 3. | Настава и учење |
| ❖ | Снежана Глигоријевска |
| ❖ | Данијела Митиќ |
| ❖ | Даница Цветковска Милановска |
| 4. | Подршка на ученици |
| ❖ | Сузана Стошиќ |
| ❖ | Саше Симоновски |
| ❖ | Елена Славковска |
| 5. | Училишна клима |
| ❖ | Биљана Тодоровска |
| ❖ | Силвана Јосифовска Тасиќ |
| ❖ | Сузана Величковски |
| 6. | Ресурси |
| ❖ | Сашо Стефановски |
| ❖ | Зоран Апостоловски |
| ❖ | Виктор Поп Глигоров |
| 7. | Управување и раководење |
| ❖ | Весна Трајковска |
| ❖ | Виолета Пешевска |
| ❖ | Сашо Стефановски |
| ❖ | Зоран Тодоровски |
| **Координатори на самоевалуацијата** | |
| ❖ | **Весна Трајковска - директор на училиштето** |
| ❖ | **Виолета Пешевска - помошник директор** |
| ❖ | **Сашо Стефановски - помошник директор** |
| ❖ | **Зоран Тодоровски - училишен педагог** |

**Во согласност со донесената концепција за модернизација на техничкото образование во ДСУ-РЦСОО „Киро Бурназ” од Куманово во учебната 2023/2024 година ќе се применуваат следниве образовни профили / квалификации:**

**Сектор за земјоделство, ветеринарство и рибарство** во кој се застапени образовните профили :

- *агротехничар*
- *техничар за агроменаџмент*
- *техничар по ветеринарна медицина и*
- *техничар за фитомедицина*

**Сектор хемија и технологија** со профилите:

- *прехранбен техничар*
- *техничар за козметички и хемиски производи*
- *пекар*

**МАШИНСКА СТРУКА** со профилот

- *машински техничар за моторни возила*

**ЛИЧНИ УСЛУГИ** со профилите

- *техничар за козметичка нега и убавина*
- *фризер*

**СООБРАЌАЈНА СТРУКА** со профилот

-техничар за патен сообраќај

**ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА** со профилите

-фармацевтски техничар
-дентален асистент

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**
**Подрачје 1. Наставни планови и програми**

| бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | • Применувани наставни планови и програми;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби;<br>• Избор на наставни предмети;<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови / проектните активности во училиштето;<br>• Реализација на проширени програми; |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието;<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми; |
| 1.3 | Вонннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните вонннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со вонннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонннаставните активности; |

**Работна група:**
**Пешевска Виолета**
**Митевска Татјана**
**Величковиќ Жаклина**

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**

- **Применувани Наставни планови и програми**
- **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**
- **Избор на наставни предмети**
- **Планирање на активности за реализација на слободни часови во училиштето**

| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Наставни планови и програми донесени од МОН<br>• Годишни и тематски планирања на наставниците<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишен извештај за работа на училиштето<br>• Записници од Совети на паралелки<br>• Записници од стручни активи<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Брошури и интернет страница на училиштето<br>• Анкети со наставници, родители и ученици | **Наставни планови**<br><br>ДСУ-РЦСОО „Киро Бурназ“ претставува регионален центар за стручно образование и обука кое започна да работи од јануари 2021 година во кое се реализира воспитно-образовна дејност во повеќе струки.<br>Во согласност со донесената концепција за модернизација на техничкото образование во ДСУ-РЦСОО “Киро Бурназ” од Куманово наставата се спроведува на македонски и албански јазика според модуларни наставни програми базирани на компетенции. Во училиштето се образуваа ученици за следните образовни струки и профили:<br><br>❖ ***Струка/сектор: Земјоделско-ветеринарна/ Земјоделство, рибарство и ветеринарство***<br><br>за редовни ученици со четиригодишно траење на образованието во:<br><br>• образовен профил/квалификација агротехничар, по реформирани наставни планови и програми модуларно дизајнирани од 2019 година;<br>• образовен профил/квалификација техничар за агроменаџмент, по реформирани наставни планови од модуларно дизајнирани од 2019 година;<br>• образовен профил/квалификација техничар за фитомедицина, по реформирани наставни планови модуларно дизајнирани од 2019 година;<br>• образовен профил/квалификација техничар по ветеринарна медицина, по реформирани наставни планови модуларно дизајнирани од 2019 година;<br><br>за вонредни ученици - четири степени на образование (II,III,IVстепен), односно образование со три и четиригодишно траење. |

| | |
|---|---|
| | ❖ ***Струка/сектор: Хемија и технологија*** <br><br> за редовни ученици со четиригодишно траење на образованието во: <br><br> • образовен профил/квалификација прехранбен техничар , по реформирани наставни планови и програми модуларно дизајнирани од 2019 година; <br> • образовен профил/квалификација техничар за козметички и хемиски производи, по реформирани наставни планови и програми модуларно дизајнирани од 2019 година; <br><br> со тригодишно траење на образованието: <br><br> • образовен профил пекар, по реформирани наставни планови и програми модуларно дизајнирани од 2018 година; <br><br> за вонредни ученици - четири степени на образование (II,III,IVстепен) односно, образование со три и четиригодишно траење. <br><br> ❖ ***Струка/сектор: Машинска/ Машинство*** <br><br> за редовни ученици со четиригодишно траење на образованието во: <br><br> • образовен профил/квалификација машински техничар за моторни возила, по реформирани наставни планови и програми модуларно дизајнирани од 2019 година; <br><br> за вонредни ученици - четири степени на образование (II,III,IVстепен), односно. образование со три и четиригодишно траење. <br><br> ❖ ***Струка/сектор: Лични услуги*** <br><br> за редовни ученици со четиригодишно траење на образованието во: <br><br> • образовен профил/квалификација техничар за козметичка нега и убавина, по реформирани наставни планови и програми модуларно дизајнирани од 2019 година; <br><br> со тригодишно траење на образованието: <br><br> • образовен профил фризер, по реформирани наставни планови и програми модуларно дизајнирани од 2018 година; |

| | |
|---|---|
| | за вонредни ученици - четири степени на образование (II,III,IVстепен), односно. образование со три и четиригодишно траење.<br><br>❖ ***Струка/сектор: Здравствена/ Здравство и социјална заштита***<br><br>за редовни ученици со четиригодишно траење на образованието во:<br><br>• образовен профил/квалификација фармацевтски техничар, по реформирани наставни планови и програми модуларно дизајнирани од 2019 година;<br>• образовен профил дентален асистент, по реформирани наставни планови и програми модуларно дизајнирани од 2019 година;<br><br>❖ ***Струка/сектор: Сообраќајна/ Сообраќај, транспорт и складирање***<br><br>за редовни ученици со четиригодишно траење на образованието во:<br><br>• образовен профил/квалификација техничар за патен сообраќај, по реформирани наставни планови и програми модуларно дизајнирани од 2019 година;<br><br>**Применувани Наставни планови и програми**<br><br>Наставата се реализира според Наставните програми-модуларно дизајнирани кои се достапни на веб страната на БРО и ЦСОО. Реализацијата на наставните програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концептот за средно образование. Содржините во сите наставни програми овозможуваат вклучување на точките на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>Настаните планови и програми и учебните помагала вклучуваат родова и етничка рамноправност на учениците. Училиштето дава можност за покренување иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, иновирање на постојните врз основа на барања од родителите,наставници,МОН, Центар за стручно образование и обука (ЦСОО) и Бирото за развој на образованието (БРО).<br>Од 2021/22 година училиштето започна со дуален модел на стручно образование во Република Северна Македонија. Дуалното образование се базира на потребите на реалниот сектор од отворање на дуални паралелки во средните стручни училишта. Како резултат на овој позитивен тренд нашето училиште им овозможува на идните средношколци да изберат дуален систем на образование во сите струки и профили |

| | |
|---|---|
| | (агротехничар,техничар за агроменаџмент,техничар за фитомедицина,техничар по ветеринарна медицина, прехранбен техничар, техничар за козметички и хемиски производи, пекар, машински техничар за моторни возила, фризер, техничар за козметичка нега и убавина, фармацевтски техничар и техничар за патен сообраќај.<br>Дуалното образование подразбира реализација на практичната работа во реномирани компании со кои училиштето има потпишано меморандум за соработка. Компаниите кои се вклучени во програмата за дуално образование им овозможуваат на учениците реализација на практична настава со обучени ментори во реални работни услови, а во соработка со наставниците по практична настава.<br><br>**Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br><br>Нашето училиште согласно воспоставени процедури, континуирано и на различни начини и со различни средства информира за целите и стандардите на наставните планови и програми што се реализираат. Училиштето редовно ги информира членовите на Советот на родители на закажани состаноци, другите родители на родителски ииндивидуални средби, учениците на почетокот и во текот на учебната година за целите и резултатите од учење кои се предвидени со наставните планови и програми, како и сите други кои бараат информација за наставните планови и програми. Информирањето се одвива преку социјалните мрежи односно училишната Facebook страна, со усно информирање, разговори, дискусии, презентации и др.<br>За учениците со посебни образовни потреби постои инклузивен тим на ученикот, а родителите се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП) преку која се обезбедува нивна целосна информираност. На ниво на училиштето има приемен ден на наставниците на кој исто така родителите според своите интереси добиваат информации покрај другото и за Наставните планови и програми.<br><br>**Избор на наставни предмети**<br><br>Училиштето дава можност за избор на наставните предмети, бидејќи тоа е предвидено во наставните програми за одредени занимања кои се опфатени со реформите на средното стручно образование за четиригодишно образование, а кои се спроведуваат од страна на МОН. Според оваа на учениците им се овозможува да изберат од понудени предмети значајни за продолжување на нивното образование или професионално оспособување. |

| | |
|---|---|
| | Овие активности се предвидени и се реализираат на крајот на втора година од нивното школување, а се изучуваат во трета и четврта година. За родителите на учениците од втора година на родителска средба по завршување на третиот класификационен период се изготвуваат листи со изборни предмети кои се предвидени во наставен план и програма и давање дополнителни информации за значењето при избор на предметите од страна на учениците.<br>Од понудените предмети се одбираат два изборни предмети, а родителот со својот потпис дава согласнот за изборот.<br>За разлика од четиригодишното, тригодишното образование не нуди вакви можности и учениците следат целосна настава според наставни планови и програми со задолжителни предмети.<br><br>**Планирање на активности за реализација на слободни часови во училиштето**<br><br>Програми за слободни часови/содржини програмирани од училиштето се реализираа врз основа на Наставниот план  и Упатството  за реализација на програми за слободни часови/содржини програмирани од училиштето со четиригодишно траење. Центарот за стручно образование и обука  дава мислење за понудените програми од страна на училиштето.<br><br>Програми за слободни часови во училиштето направени се на предлог од повеќе активи со теми кои не се застапени во задолжителните предмети, а пројавуваат интерес кај учениците. Истите се доставени до Центарот за стручно образование и обука и од нив е се добива согласност за нивна реализација. Во училиштето се реализираат програми за слободни часови/содржини програмирани од училиштето од следниве области:<br><br>• Планирање на кариера<br>• Безбедност на храна<br>• Загадување на храна<br>• Безбедност во сообраќајот<br>• Екологија и животна средина<br>• Храна и поважни прехранбени производи во исхраната |

| | |
|---|---|
| | Секој наставник кој е вклучен во реализација на слободните часови, Програмата ја презентира пред учениците и учениците доброволно преку анкета избираат област која ги интересира, наставникот изготвува распоред на активности од својата област според препораките, како учениците треба да се подготват за следење на слободните часови.<br><br>По барање за верификација на посебната програма за ,,Управувач со трактори,, од страна на ,,Државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука Киро Бурназ,, Куманово, комисијата формирана од страна на директорот на ЈУ Центар за образование на возрасните-Скопје, донесе Решение за верификација на посебна програма за ,,Управувач со трактори,, со Решение УП1 бр.10-31 од 31.03.2023 изврши увид на поднесеното барање и изготви Записник  со УП1 бр.10-32 од 04.05.2023 година со кој утврди дека се исполнети услови за верификација на посебната програма согласно член 21-а и член 36 став 1алинеја 8 од Законот за образование на возрасни и истата е пуштена за употреба во траење од три години.<br><br>По барање за верификација на посебната програма за ,,Производител на млечни производи,, од страна на ,,Државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука Киро Бурназ,, Куманово, комисијата формирана од страна на директорот на ЈУ Центар за образование на возрасните-Скопје, донесе Решение за верификација на посебна програма за ,, Производител на млечни производи,, со Решение УП1 бр.10-32 од 23.03.2023 изврши увид на поднесеното барање и изготви Записник  со УП1 бр.10-31 од 04.04.2023 година со кој утврди дека се исполнети услови за верификација на посебната програма согласно член 21-а и член 36 став 1алинеја 8 од Законот за образование на возрасни возрасни и истата е пуштена за употреба во траење од три години<br>.<br>По барање за верификација на посебната програма за ,,Фризер за жени,, од страна на ,,Државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука Киро Бурназ,, Куманово, комисијата формирана од страна на директорот на ЈУ Центар за образование на возрасните-Скопје, донесе Решение за верификација на посебна програма за ,, Фризер за жени,, со Решение УП1 бр.10-30 од 21.03.2023 изврши увид на поднесеното барање и изготви Записник  со УП1 бр.10-30 од 04.04.2023 година со кој утврди дека се исполнети услови за верификација на посебната програма согласно член 21-а и член 36 став 1алинеја 8 од Законот за образование на возрасни возрасни и истата е пуштена за употреба во траење од три години. |

**Реализација на проширени програми**

Учениците со различни способности најпрво се детектираат, бидејќи тука има талентирани ученици со кои се работи за унапредување на нивните знаења и учество во воннаставни активности, и ученици чии способности се помали и кон кои се применуваат посебни методи во работата на секој предметен наставник, но со кои редовно работи и стручната служба во училиштето.
Според нивните способностии тие се вклучуваат во организирањето на некои воннаставни активности, во рамките на нивните можности. На ниво на училиштето постои Програма за работа со деца со посебни образовни потреби, преку која успешно се врши идентификација на ученици со пречки во учење, развој и поведение, во соработка со класните раководители, предметните наставници и родителите. Во училиштето за настава на македонски наставен јазик вработен е дефектолог кој изработува Годишна програма по која се спроведува воспитно образовниот процес кај учениците со посебни образовни потреби и подршка на наставниците за планирање и реализирање на образовниот процес.
Основна цел на оваа Програма е:

- Детекција , опсервација и подршка на учениците;
- Опсервација на часови;
- Консултативно советодавна работа со родителите и наставниците со посебни образовни потреби;
- Проценка на способности на учениците си ПОП;
- Градење на стратегии за учење, подготовка и изработка на индивидуален образовен план;
- Опсервација и посета на часови кај ученици со ПОП;
- Прилагодување на наставата кон потребите на учениците;
- Следење на постигањата на учениците.

На ниво на училиштето во учебната 2021/22 година - регистрирани се 14 од кои 9 со наод. Во учебната 2022/23 година регистрирани се 11 ученика со посебни образовни потреби од кои 8 со наод. Во учебната 2023/24 година регистрирани се 5 ученика со посебни образовни потреби од кои 4 се со медицински наод и мислење од медицински стручни лица. Се организираат работилници, хуманитарни активности, посета на семинари каде се вклучени учениците и дефектологот.

| | |
|---|---|
| | Покрај учениците кои се регистрирани со посебни образовни потреби, дефектологот работи и со останатите ученици кои имаат потреба од разговор и советување.Училиштето има формирано Инклузивен тим и изготвено Посебна образовна програма за учениците кои се регистрирани со посебни образовни потреби, а професорите изготвуваат индивидуален образовен програм поединечно за секој ученик со посебни образовни потреби<br><br>**Се организираат следните активности со наставниците:**<br><br>Формирање и работа на Инклузивен тим во кој се вклучени директор, дефектолог, педагог,социолог,психолог и раководители на сектори. На 31.10.2022 година донесена е одлука за формирање на Тим за Регионални инклузивни центри за извонредност во состав:<br>Кординататор на тимот Снежана Глигоријевска и<br>1. Весна Трајковска-директор<br>2. Данијела Митиќ-наставник по хемија избран од родители<br>3. Саше Симоновски -наставник по прехранбена група предмети избран од ученици<br>4. Членови:<br>-Милена Бојковска<br>-Лилјана Величковиќ<br>-Мирјана Трајковска<br>-Газменд Саити<br><br>Задачите на овој тим се проширување и продлабочување на инклузивното образование и прераснување на нашето училиште во национален модел училиште кое ќе работи на проширување на инклузивното образование во сите средни училишта во регионот.<br>Реализирање на заеднички часови на дефектологот со предметните професори и ученици.<br>Обука и консултација за изработка на индивидуален образовен план на наставниците.<br>Анкетирање и разговор со учениците во присуство на наставниците.<br>Успешно градење на инклузивна клима и култура со наставниците за прифаќање на учениците со ПОП.<br>Успешно реализирање на советодавна помош со родители и наставници, консултација за напредок и потешкотии на нивните деца.<br>Потикнување на наставници за користење на различни техники и инструменти при ВОП, определување на јасни принципи при оценување и консултации. |

| | |
|---|---|
| | На ниво на училиштето од страна на социологот во училиштето изработени се „Насоки за препознавање на надарени/талентирани ученици“ со кои во воспитно-образовен процес ке се воспостави систем на насоки за препознавање на надарени/талентирни ученици со кој ке се овозможи нивното откривање и овозможување нивната надареност и способност да дојде до израз.<br>**Надареност се дефинира како:** невообичаено висок степен на општа интелектуална способност која изискува различни знаења кои според својата широчина и длабочина ги надминуваат знаењата кои можат да се добијат со образовните програми во редовните училишта кои го задоволуваат просечното ниво на искажаниот образовен потенцијал.<br><br>**Надарени ученици** се оние кои имаат способност за невообичаено напредно постигнување во некоја област,вклучувајки ја тука интелектуалната и креативната способност, музички, уметнички или спортски постигнувања и социјални вештини и вештини на лидер.<br>Во насоките се дадени и насоки за професорите како да се открие надарен ученик. |

**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**

- **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**
- **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**
- **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**
- **Влијание на наставниците, родителите и спцојалните партнери врз наставните планови и програми**

| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Наставни планови и програми донесени од МОН<br>• Годишни и тематски планирања на наставниците<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишен извештај за работа на училиштето<br>• Записници од Совети на паралелки<br>• Записници од стручни активи<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Брошури и интернет страница на училиштето<br>• Анкети со наставници, родители и ученици | **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br><br>Наставните планови и програми се унифицирани, а рамноправноста во поглед на родавата и етничката разлика е загарантирана  со Законот за средно образование. Во наставните планови и програми нема содржини кои поттикнуваат полова и етничка нерамноправност. При реализирање на наставните планови и програми постои подеднаква можност за учество на учениците од различна етничка и полова припадност во раководењето, соработката, договарањето, самодовербата и разрешувањето на конфликтите. Покрај ова родовата и етничката рамноправност, како и мултикултурната сензитивност се во фокусот на активностите кои се споведуваат во нашето училиште во рамките на проектот за „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО)“. Во училиштето успешно се реализираат и спроведуваат активности од овој проект. Во програмите на класните раководители и ОЖВ се вметнати теми од областа на образование за односите меѓу половите, заштита од болести, здравјето на учениците и еко содржини и сл. кои се одржуваат како работилници, дебати и др. На часовите по Граѓанско образование се обработуваат теми за полова и етничка рамноправност и почитување на човекови права. |

| | |
|---|---|
| | **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина наставните програми и наставните помагала**<br><br>Од увидот на Годишните планирања на наставниците забележано е дека тие во своите планирања ги интегрираат карактеристиките и потребите на Локалната средина, а тоа се потврдува со долгогодишната успешна соработка со локалните претпријатија, во поглед на прифаќање наши ученици за изведување на дел од практичната настава. Соработката на училиштето со локалната средина се остварува преку задоволување на потребите на пазарот на трудот, преку образување на оспособени кадри, преку општествено-културни активности, учество во акции за екологија, општински натпревари, посета на установи, хуманитарни акции, спортски натпревари, посета на работни организации, споменици и др. Посебно се потенцира значењето на таа соработка во поглед на вработување на наши ученици по завршување на школувањето. При реализирање на наставните програми, училиштето ги следи приоритетите на општината и имплементира содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина.<br><br>**Интегрирање на општите ( меѓупредметните ) цели на образованието**<br><br>Училиштето располага со технички можности и наставници кои заради подобрување на квалитетот на наставните планови и програми имаат интегративен пристап во реализација на некои свои наставни содржини. Овој пристап особено е присутен во реализација на наставата по стручните предмети и практичната настава. Најголема примена интегративниот пристап кон содржините се гледа при изработка на проектни задачи и подготвување на ученици за натпревари, презентации, организирање на слободни часови и сл.<br>Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го поттикнуваат критичкото мислење кај учениците.<br>Интегрираното планирање претставува значајна карактеристика на современиот пристап во наставата, функционалното поврзување на содржините од наставните предмети или нивните делови, при што се задржува нивната самостојност, систематичност и логичност. На тој начин се создава стимулативна и креативна средина за учење, активно учество на учениците, висок степен на интеракција. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето е вклучено во Проектот „Безбедни училишта“ кој активно се спроведува На ниво на училиштето во соработка со МВР, преку заемна соработка во мултиетничка култура меѓу учениците на различни етникуми. Спроведени се активности за прослава на верски празници, одржани приредби за ненасилство со учество на сите средни училишта, формиран Тим за безбедност.<br>Интегрираното учење дава можност за целосно ангажирање на учениците во решавање на проблеми и задачи, доаѓање до нови идеи и работење со конкретни предмети, ситуации и настани. Наставниците ги почитуваат насоките за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат. Со тоа се јакне самодовербата на учениците, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права.<br><br>**Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми**<br><br>Училиштето дава можност за покренување иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, иновирање на постојните и воведување на нови образовни профили врз основа на искажаните потреби на локалата средина и потребите на пазарот на трудот до ресорните институции. Учениците влијаат врз квалитетот преку совладување на наставните содржини, изработка на истражувачки проекти и успешно стекнување на потребните вештини.<br>Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети и предметна настава во однос на стандардите во оценувањето и водење на електронска документација. Од страна на БРО,МОН и ЦССО се организирани семинари за едукација на наставниците. |

**1.3. Вонnаставни активности**

- **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;**
- **Опфатеност на учениците со воннаставните активности;**
- **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;**
- **Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**

| Извори на податоци | Информации кои се собрани |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишен извештај за работа на училиштето<br>• Програми за дополнителна настава и воннаставни активности<br>• Записници од стручни активи<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Интернет страница на училиштето<br>• Анкети со наставници, родители и ученици<br>• Дипломи,признанија,пофалници од натпревари и манифестации | Училиштето планира и во целост ги реализира воннаставните активности кој се одраз на интересите и потребите на учениците. Воннаставните активности се реализираат според однапред направен план и програма за работа. Тие се подеднакво достапни за сите ученици, а преку нив учениците ги прошируваат и продлабочуваат своите знаења, го организираат своето слободно време, но во исто време и самите се афирмираат со постигнување на солидни резултати. За таа цел во Годишната програма на стручните активи има изготвено програма и план на воннаставни активности и динамика на нивната реализација.<br><br>**Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br><br>Во нашето училиште редовно се планираат и реализираат голем број воннаставни активности кои се во согласност со потребите и интересите на учениците, и тоа :<br>- ученички натпревари<br>- ученички екскуризии,<br>- грижа за здравјето на учениците,<br>- спорт и рекреација на учениците,<br>- еколошките акции<br>- МИО активностите,<br>- посета на деловни субјекти и институции,<br>- општествено корисна работа, заштитата на околината и природата, работните акции за уредување на училиштето,<br>- хуманитарни акции,<br>- крводарителски акции,<br>- учество на саеми на образование, |

| | |
|---|---|
| | - организирање на разни манифестаци и програми,<br>- учество во проекти,<br>- соработка со компании,<br>- натрпревар од областа на земјоделието,хемија и технологија и сл.<br>Поголем дел од учениците се вклучени во вонnаставните активности кои им обезбедуваат услови за личен и социјален развој, без оглед на полот, етничката припадност и нивниот социјалниот статус.<br>Во училиштето се реализираат бројни активности од различни области во рамките на бројни проекти, чија реализација на активности се одвива преку соработка со релевантни институции во државата.<br><br>**Опфатеност на учениците со вонnаставните активности**<br><br>Вонnаставните активности во училиштето се подеднакво достапни за сите, без разлика на полова или етничка припадност на учениците, а учениците се вклучуваат во нив според сопствените афинитети. Не се прави поделба на учениците по ниту една основа. Единствен услов е нивната желба за проширувње на знаењата во одредена област. Тоа го потврдува резултатот од анкетата за ученици. Преку нив учениците ги прошируваат и продлабочуваат своите знаења, го организираат своето слободно време, но во исто време и самите се афирмираат со постигнување на солидни резултати.<br>Учениците го избираат своето учество во вонnаставните активности според сопствените потреби, желби и можности. Спроведените анкети покажуваат дека планирањето на вонnаставните активности го врши наставникот во соработка со самите ученици кои кои се вклучени во таквата активност. Со реализација на вонnаставните активности се развива самодовербата на учениците, вештини, умеења, способности за тимска работа, понуда за работа на трудот, социјализација и др.<br>Улогата на училиштето е да ги мотивира и поддржува учениците да се вклучуваат во вонnаставни активности во што поголем број, да работат на проекти, да учествуваат на натпревари и манифестации и да постигнуваат успеси од различни области.<br>• Учениците редовно учествуваат на натпревари по математика, англиски јазик, јавно говорење, спортски натпревари, државниот натпревар МАССУМ, државен натпревар „Лидер на струка“,Државен натпревар на учениците од училиштата со Хемиско-технолошка струка, во организиацija на здружението ДИЈАГРАМ како и на бројни |

| | |
|---|---|
| | литературни и уметнички конкурси од други училишта.<br>• Патрониот празник на училиштето се одбележува секоја година преку соодветне програма која се планира и реализира со вклучување на поголем број ученици.<br>• Традиционално секоја година се организира „Отворен ден'' на училиштето, манифестациите „Свети Трифун''-ден на винарите и „Ден на храната'' со ангажирање на голем дел од учениците.<br>• Учество на ,,Маскенбал“ организирано од општина Куманово;<br>• Учество на „Струмички карневал''<br>• Секоја учебна година како дел од вонаставните активности, учениците посетуваат аптеки, саеми, музеи, изложби, театарски претстави, институции и претпријатија и други субјекти од локално и државно ниво.<br>• Националната агенција за европски образовни програми и мобилност- Еразмус + програмата преку одобрување на наши проекти овозможува поголем дел од учениците да бидат вклучени во воннаставните активности од овој карактер.<br><br>**Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br><br>Учениците имаат можност да дадат свој придонес при планирањето на работата во воннаставните активности со свои предлози и мислења, со што ги дополнуваат програмите изработени од наставниците. За тоа сведочат резултатите од анкетата.<br>Најчесто организацијата и имплементацијата на ваквите иницијативи е одговорност на самите ученици, со што уште еднаш се потврдува фактот дека училиштето нуди можности и начини за проактивно учество на учениците во различни сегменти на реализација на воннаставните активности и истите влијаат на квалитетот на наставата, како и на развојот на учениците во насока на стекнување на дополнителни знаења и меки вештини.<br><br>**Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**<br><br>Фактот дека учениците се вклучуваат во разни воннаставни активности, организирани и спроведени од страна на училиштето, укажува дека на тој начин учениците имаат можност да се афирмираат и да ги промовираат своите интереси и потенцијали. Афирмирање на воннаставните активности и остварените резултати од |

| | |
|---|---|
| | истите се врши на повеќе начини ( огласна табла, веб страна, фејсбук страна на училиштето и други електронски и печатени медиуми) и за време на наставнички совети, класни часови, класни совети и родителски средби. Истовремено промовирајќи се себеси, учениците се директно инволвирани во промоција на училиштето и ваквите ученички ангажмани делумно се валоризирани од страна на училиштето, така што овие учениците соодветно се вреднуваат. На крајот на секоја учебна година, училиштето избира ученик на генерација, при што се земаат во предвид и остварените воннаставните активности. Сепак, факт е дека валоризацијата на учениците кои се вклучени во афирмација на училиштето би можела да има и поголема опфатност.<br>Дел од воннаставните активности се посветени и на презентација и афирмација на училиштето на локално, државно и меѓународно ниво, како и на општествената одговорност на наставниците и учениците.<br>Наставниците секогаш ги охрабруваат, поттикнуваат и поддржуваат учениците да учествуваат во разни воннаставни активности. Наградените ученици се пофалуваат и на училишниот портал. За постигнатите резултати на учениците им се доделуваат дипломи, пофалници и благодарници на јавни приредби и манифестации. |

**Клучни јаки страни**

- Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН, БРО и ЦСОО;
- На родителите им се дава можност да даваат забелешки во врска за реализација на наставните пограми преку Совет на родители, а на учениците преку ученичка заедница;
- Наставниците учествуваат со подготовка на наставните планови и програми,учествувајќи на конкурси од МОН и ЦСОО;
- Реализација на Практичната настава и Учење преку работа кај работодавач во компании со цел поврзување на теоријата и праксата;
- Во училиштето се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби и учениците кои имаат потешкотии во учењето;
- Учениците во трета година во сите образовни профили сами имаат можност да одбираат предмети од понудените изборни предмети а кои се во функција за полесно совладување на материјалот и полесно полагање на државната и завршната матура;
- Интегрирање на еколошки и МИО содржини и проекти во наставните планови и програми на редовните часови;
- На наставниците им се дава поддршка за осовременување на наставата и воннаставна дејност преку организирање на семинари и обуки;

- Училиштето гради партнерски однос со стопански субјекти преку склучени договори за обука на ученици од дуални паралелки, кои би се вработиле во партнерските компании;
- Вклученост на наставниците и учениците во европски проекти поддржани од страна на Националната агенција за европски програми и мобилност;
- Учество на натпреварите, конкурсите, како и на смотри, презентации, семинари, обуки реализирани од страна на наставниците и учениците, достојно го репрезентираат училиштето во Републиката и надвор од неа;

**Слаби страни**

- Недоволна заинтересираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;
- Ограничен број на ученици кои можат да се вклучат во национални и интернационални проекти;
- Изработка на стандардизирани тестови од МОН и БРО,ЦССО по сите предмети (по теми,полугодишни,годишни со кои ке се воедначат критериумите за оценување на учениците;

**Идни активности:**

- Подобрување на информираноста на учениците и родители со користење на сите нови технички можности во училиштето и образовниот систем, а со тоа и поттикнување на интерес за подобра соработка со родителите;
- Проширување на соработката со локалната заедница и бизнис секторот вклучувајќи и нови, водејќи грижа за потребите на пазарот;
- Поголема транспарентност за успесите кои ги постигнуваат учениците во воннаставните активности;

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

| | |
|---|---|
| **2.1. Постигања на учениците** | ➢ Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>➢ Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>➢ Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>➢ Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>➢ Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование<br>➢ Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците<br>➢ Еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма |
| **Извори на податоци**<br><br>-Извештаи за успех по класификациони периоди од последниве три години<br><br>- Резултати од оценувања по наставни предмети<br><br>-Извештаи за успех по пресечни периоди изработени од раководители на паралелки<br><br>-е-дневник | **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди**<br><br>Успехот и редовноста односно целокупните постигања на учениците во нашето училиште се следат табеларно по наставни предмети на крајот на секој класификационен период односно на секое тримесечие и на крајот на учебната година. Останатите податоци по наставни предмети, години за секој класификационен период за крајот на учебната година се чуваат кај педагошко-психолошката служба и се исто така евидентирани во е-дневник. Во табелите кои се дадени во прилог се прикажани постигањата на редовните ученици по наставни предмети, години, и струки на крајот на изминатите две учебни години односно на полугодие во тековната 2023/24 година и успехот и редовноста на крајот на 2022/23. |

-Педагошка документација и евиденција од областа на полагање на државна матура и завршен испит како за редовните така и за вонредните ученици.

Записници од Советот на родители при училиштето

Анкети за наставниците, родителите и учениците

Резултати од интерни оценувања по одредени предмети

табела 1

| **Среден успех кај редовни ученици** | | |
|---|---|---|
| | 2021-22 | 2022-23 |
| I | 3,25 | 3,93 |
| II | 3,21 | 3,85 |
| III | 3,25 | 3,65 |
| IV | 3,27 | 3,55 |
| **Среден успех** | **3,53** | **3,75** |




Од табелава може да се заклучи дека успехот во последниве се зголемува што се должи на запишување на ученици со подобар успех во прва година на образование како и на поголема активност на наставниците, мотивираност на учениците и подобро обучен наставен кадар за реализирање на наставата.

*Годишен успех на ниво на паралелка во учебната 2022/2023 година*

| РБ | ПАРАЛЕЛКА | СРЕДЕН УСПЕХ |
|---|---|---|
| 1. | I-1 | 3,15 |
| 2. | I-2 | 3,78 |
| 3. | I-3 | 3,65 |
| 4. | I-4 | 3,55 |
| 5. | I-5 | 3,42 |
| 6. | I-6 | 4,83 |
| 7. | I-7 | 4,54 |
| 8. | I-8 | 3,61 |
| 9. | II-1 | 3,23 |
| 10. | II-2 | 3,46 |
| 11. | II-3 | 3,64 |
| 12. | II-4 | 3,53 |
| 13. | II-5 | 4,31 |
| 14. | II-6 | 3,51 |
| 15. | II-7 | 3,14 |
| 16. | III-1 | 3,42 |
| 17. | III-2 | 4,35 |
| 18. | III-3 | 3,54 |
| 19. | III-4 | 2,96 |

| | | |
|---|---|---|
| 20. | III-5 | 3,25 |
| 21. | III-6 | 3.34 |
| 22. | III-7 | 3.71 |
| 23. | IV-1 | 2,42 |
| 24. | IV-2 | 3,53 |
| 25. | IV-3 | 3,55 |
| 26. | IV-4 | 3,10 |
| 27. | IV-5 | 3,35 |
| 28. | IV-6 | 3,45 |
| **Среден успех на ниво на училиште** | | **3,75** |

На секој пресечен период се прави анализа на успех по паралелки и по наставни предмети поединечно со среден успех по наставни предмети како и процент на слаби од што наставникот може да извлече информации и да формира критериуми за оценување за добивање на позитивна оценка.




Од табелава може да се согледа дека подобар успех постигнуваат ученици во струките односно секторите кои имаат повисоки критеруми за упис во прва година (здравствена струка и сообраќајна струка). Учениците кои се запишуваат со подобар успех од основно образование имаат тенденција да го задржат и подобрат успехот во средното образование.

| | |
|---|---|
| | **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставен јазик**<br><br>Дополнителна настава за учениците кои покажуваат намалување на успехот во учењето се одржува редовно, според истакнатиот план за дополнителна настава. Исто така советување на родители на ученици кои покажуваат послаб успех дава добри резултати.<br>Учениците од женски пол постигнуваат за нијанса поголем успех од учениците од машки пол. Причината за ваквата појава најверојатно е во тоа што учениците од женски пол се запишуваат со повисок успех заради потребата од повеќе поени за упис во секторот лични услуги и секторот хемија и технологија што укажува на нивни поголеми предзнаења од разни области и според тоа, насочува кон нивни поголеми понатамошни постигнувања во средното образование.<br>Не се забележува голема разлика во успехот во постигањата на учениците кои следат настава на македонски и албански наставен јазик во секторот земјоделство, ветеринарство и рибарство.<br>Успехот на ученици се следи перманентно по сите пресечни периоди во тек на наставната година и тоа по паралелки, по струки, образовни профили и пред се по наставни предмети кои се застапени во училиштето како и по наставник по наставен предмет каде се утврдува и процентот на слаби. |
| | **Идентификацијата на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br><br>Целосна инклузија и прифаќање на секој ученик е од посебен приоритет на училиштето, односно вистинско прифаќање на сите ученици без разлика на нивните способности, личноста или етничка припрадност. Учениците со тешкотии во учењето се идентифицираат преку анализа на успехот кој учениците го постигнуваат по наставни предмети која се прави на секое тримесечие. Како извор на податоци се користи и извештајот од е-дневник. По предметите каде учениците постигнале слаб успех или го намалиле успехот се одржува дополнителна настава и советување на родители со цел подобрување на успехот и надминување на проблемите при учење. Кај овие ученици наставниците користат и методи и техники соодветни на нивното предзнаење.<br>Надарените ученици се идентификуваат преку неформални разговори со класните раководители, разговори со учениците и наставниците. Овие ученици се ангажираат во учество на натпревари и разни проекти како Безбедни училишта, учество во театарски претстави, спортски натпревари и сл. На надарените ученици им се овозможува надоградување и развивање во областа каде покажуваат интерес.<br>Педагошко-психолошката служба, преку користење на соодветни техники ги открива причините за тешкотии во учењето и во соработка со родителите им помага на учениците да ги надминат истите. Преку разговори, различни видови ангажирања и примена на повеќе методи и техники кај овие ученици се работи на јакнење на самодовербата и зголемување на мотивираноста |

| | |
|---|---|
| | успешно да се надминат тешкотиите во учењето.<br>Училиштето има своја програма и акционен план за работа на ученици со посебни потреби. Тие се идентифицираат најчесто при влезот во училиштето односно во прва година на образование а понатаму во контакт со родителите се бара стручно медицинско мислиње односно категоризација. Наставниците кои предаваат на ученици со посебни образовни потреби, а кои се вклучени со инклузија во паралелките изработуваат индивидуален образовен план во кој образовните цели се на ниво на категоризацијата.<br>Стручниот соработник дефектолог при училиштето во соработка со Тимот за инклузија и наставниците изработува индивидуални образовни планови кои се прилагодени според способностите на учениците со потешкотии во учење. |
| | **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br><br>При редовно одржување советите на паралелките по пресечни периоди, како и на стручните активи се разгледуваат постигањата на учениците по секој предмет и ученик поединечно, и се дискутира за преземање на конкретни мерки.<br>Се дискутира и се преземаат мерки за подобрување на квалитетот на редовната настава, одржување дополнителни часови и тоа по предметите по кои учениците имаат постигнато послаб успех. Посебен акцент во реформираното техничко образование се става на квалитетно реализирање на практична настава. Квалитетот на редовната настава го подобруваме со примена на интерактивни методи во настава, употреба на повеќе различни нагледни средства и помагала, и интернет како богат извор на информации. Дополнителна настава, за која постои изготвен распоред, се одржува обично пред крај на квалификационен период или пред писмена работа, со што се постигнуваат подобри резултати. Додатна настава се одржува најчесто пред натпревари, со цел учениците поуспешно да го претставуваат училиштето во конкуренција на своите врсници од другите училишта.<br>Дополнителната настава се изведува според претходно изготвен распоред за изведување на дополнителна настава и истиот е изготвен според извештаите по пресечни периоди каде се содржи процентот на слаби постигнат по одреден наставен предмет. |
| | **Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование**<br><br>Следење на редовните и вонредните ученици ги реализира класниот раководител заедно со стручната служба како и советите на паралелките. Тоа споредување се врши најпрвин во преминот од основното образование во прва година, каде нема некои посебни отстапувања и учениците продолжуваат со истиот успех.<br>Во оваа група на ученици спаѓаат учениците кои го промениле образовниот профил во нашето училиште, како и ученици кои доаѓаат од други училишта. Прилагодувањето на овие ученици |

| | |
|---|---|
| | во нова средина е добро и учениците остануваат во образовниот систем и навремено ги полагаат диференцијалните испити во предвидениот законски рок. При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот со користење на формуларот преведница како и давање на повратна информација до училиштето во кое е запишан ученикот.<br>На учениците кои завршуваат тригодишно образование од образовните профили пекар од хемиско-технолошката струка и образовниот профил фризер од струката лични услуги им се овозможува продолжување на редовното школување во четврта година со полагање на дополнителни предмети и премин во четврта година во образовните профили прехранбен техничар и козметички техничар.<br>На вонредните ученици кои учеле порано по тригодишна програма која сега е изменета им се овозможува полагање на дополнителни предмети (5 предмети) и премин во четврта година во соодветниот образовен профил со четиригодишно траење. Оваа постапка значително го олеснува дооформувањето на школувањето со четиригодишно траење за разлика од порано каде разликите во предметите беа повеќе. Вонредните ученици кои имаат завршено одреден образовен профил од средно стручно образование а сакаат да се преквалифицираат во друг образовен профил од лични потреби најчесто за работа, истото им се овозможува и тие се задолжуваат со посебен план за полагање на испити со кој се прави еквиваленција во друг образовен профил. |
| | **Следење на хоризонтално и вертикално движење на учените**<br><br>Во училиштето постои уредно и континуирано следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците. Постои комисија составена од 3 члена (директор и три помошника директора од кои 2 на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик) кои го одобруваат преминот од еден во друг профил од иста или сродна струка, доколку има слободни места во паралелката. Во оваа смисла се зема во обзир и желбата на ученикот за промена на образовниот профил.<br>При хоризонталниот премин учениците имаат обврска да полагаат дополнотелни испити најдоцна до 31 декември. Истата комисија го одобрува и преминот во повисоко ниво на образование, односно вертикална проодност. Учениците полагаат 5 дополнителни испити (македонски јазик, странски јазик, математика и 2 стручни предмети).<br><br>По изготвувањата на Решенијата со кои ученикот се задолжува да ги полага соодветните разлики во предмети или петте дополнителни предмети раководителот на паралелката се грижи и ги следи учениците навремено да ги пријават и положат предметите и да продолжат со образованието. |

<table>
<tr><td>2.2 Задржување/отсипување на учениците</td><td>Редовност во наставата<br>Отсипување на учениците<br>Премин на ученици од едно училиште во друго</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td rowspan="2">Од перманентно следење на редовноста според пресечни периоди и наставни години може да се заклучи дека редовноста е подобрена.<br>За редовно посетување на учениците во наставата се применува следење на истите од страна на класните раководители, редовно информирање на родителите, изрекнување на педагошки мерки согласно Законот за средно образование и во крајна мерка известување на Државниот просветен инспекторат.<br>Може да се каже дека бројот на неоправдани изостаноци по ученик се зголемува како се зголемува со напредување на учениците по година на образование.</td></tr>
<tr><td>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Самоевалуација<br>• Развоен план на училиштето<br>• План на активности<br>• Записници од Училишен одбор, Совет на родители и Наставнички совет</td></tr>
</table>

*Број на изостаноци по години на образование на крај на наставната 2021/2022 година*

| ГОДИНА НА ОБРАЗОВАНИЕ | ОПРАВДАНИ | НЕОПРАВДАНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| I | 1124 | 330 | 1454 |
| II | 1722 | 330 | 2052 |
| III | 1870 | 628 | 2498 |
| IV | 2074 | 672 | 2746 |
| **ВКУПНО** | 6790 | 1960 | 8750 |

*Број на изостаноци по години на образование на крај на наставната 2022/2023 година*

| ГОДИНА НА ОБРАЗОВАНИЕ | ОПРАВДАНИ | НЕОПРАВДАНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| I | 1175 | 411 | 1586 |
| II | 827 | 505 | 1332 |
| III | 649 | 304 | 953 |
| IV | 2915 | 860 | 3775 |
| **ВКУПНО** | 5566 | 2080 | 7646 |


Редовност на учениците
6000
5000
4000
3000
2000
1000
0
I
II
III
IV
ВКУПНО
ВКУПНО ИЗОСТАНОЦИ
ОПРАВДАНИ
НЕОПРАВДАНИ
ПРОСЕЧНО НЕОПРАВДАНИ ИЗОСТАНОЦИ ПО УЧЕНИК

| | |
|---|---|
| | **Отсипување на учениците**<br>Во последниве две  години мал број на ученици го  напуштаат училиштето, а бројката на ученици кои се запишуваат во училиштето во текот на годината е поголем. Се води грижа секој ученик да се задржи во училиштето и да се најде начин да го оформи и заврши своето образование.<br>Од увидот во анализите по пресечните периоди во изминативе две години се забележува тренд на зголемување на бројката на ученици кои се запишани на почетокот нарочно до полугодие на учебната година. Приливот на учениците кои доаѓаат од други училишта е поголем од отсипување на учениците од нашето училиште. Училиштето води грижа индивидуално за секој ученик со цел истиот да го најде своето место во нашето училиште. Воедно на учениците кои се префрлуваат од други средни училишта кај нас им се овозможуваат сите позитивни законски можности за полагање на диференцијални испит и се води соодветна грижа за успешно прилагодување на учениците во нова средина. Оној мал број на ученици кои го напуштаат училиште претежно е од прва и втора година. |
| | **Премин на ученици од едно училиште во друго**<br>При  преминот во друго училиште се доставуваат значајните информации за образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема во предвид  при натамошната образовна работа (преведница).<br>Доколку ученикот го менува образовниот профил, истиот се задолжува со полагање на потребните диференцијални испити. Премин од нашето училиште во друго се води според пропишаните законски акти (преведница) со сите податоци внесени во неа. |

| | |
|---|---|
| **2.3 Повторување на учениците** | **Ученици кои не ја завршуваат годината**<br><br>Во учебната 2022/2023 година 2 ученика или 0.20 % ја повторуваа годината. Ова е незначителен процент на ученици кои ја повторуваат годината со оглед на бројот на ученици во училиштето.<br>Според законот за средно образование ученикот повторувач поднесува приговор до Наставничкиот совет на училиштето доколку постои повреда на оценката . Наставничкиот совет може да го реши приговорот на три начини: да го одбие приговорот, да се поправат некои оценки за да ученикот се упати на полагање или да формира комисија од наставници за повторна проверка на знаењата на ученикот. |

**РЕЗУЛТАТИ – Клучни јаки страни и слабости во училиштето**

**КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ**

- Обучен наставен и стручен кадар за целосно прифаќање и целосна инклузија на секој ученик од училиштето.
- Системот за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби и надарени ученици;
- Дополнителна настава како инструмент за подобрување на успехот.
- Следењето на постигнувањата на учениците при премин од еден циклус во друг циклус на образование
- Соработка со Министерство за образование и Биро за развој на образование како и Државен испитен центар
- Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување;
- Следењето и анализирањето на редовноста на учениците;
- Анализирањето на мотивите за напуштање на образованието и соработката со надлежните институции;
- Надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето
- Континуирана работа на училиштето во областа на меѓуетничка интеграција во образованието

**СЛАБИ СТРАНИ**

- Недоволна мотивираност на учениците за постигање на подобри резулатати и стекнување на вештини за работа
- Јавно истакнување и промовирање на резултатите на учениците
- Усовршување на стратегијата за задржување на учениците во образовниот процес;
- Зголемување на присутноста на родителите во севкупниот живот и работа на училиштето

| **Идни активности: приоритетни подрачја во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето** |
| --- |
| ➢ Примена на методи и техники за зголемување на мотивираноста на учениците<br><br>➢ Зголемување на учество на учениците во државни натпревари и презентација на постигањата на учениците пред поширокатa јавносто со учество на медиуми и сл.<br><br>➢ Да се подобри тимската работа кај учениците<br><br>➢ Оспособување на учениците за користење на различни извори на информации (интернет, литература и сл.) со цел подобрување на работните вештини |

Тим за спроведување на самоевалуација за подрачјето Постигања на учениците

- Зоран Тодоровски
- Бранислава Јовановска
- Виолета Симоновска

<table>
<tr><td></td><td>

- **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**
- **Индивидуални планирања на наставниците**
- **Размена на искуства и информации при планирањата**
- **Распоред на часови**
- **Вклучување на еколошките содржини во планирањата на наставниците согласно еколошката програма**

</td></tr>
<tr><td>

**Извори на податоци:**

- годишни , модуларни планирања и подготовки за наставен час
- е- дневник
- интерна процедура за подршка и следење на планирањета на наставниците;
- записници од стручни активи;
- инструментот за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час;
- увид во документација на педагошко-психолошка служба;
- анализа на анкетни прашања;
- распоред на часови.

</td><td>

**Поддршка и следење на планирањата на наставниците**
За поефикасно планирање на наставата, раководниот тим овозможува стручна и материјална поддршка на наставниците при изготвување на планирањата:

- обезбедува наставни планови  и програми, достапни на наставниците во секое време;
- проследува информации од МОН, БРО и ЦСОО, за оддредени промени, насоки или препораки;
- организира едукација и дисеминација за наставници;
- учествува на состаноци на активи;
- обезбедува материјали и опрема.

Наставниците, пред почетокот на учебната година, на Наставнички совет, добиваат напатствија и временска рамка во која треба да ги изготват и предадат планирањата на раководниот тим.
Училиштето има пропишано интерна процедура за поддршка и за целосно следење на планирањата на наставниците. Редовно се врши проверка на планирањата на наставниците од страна на стручната служба.

**Индивидуални планирања на наставниците**

Сите наставници редовно изготвуваат годишни, модуларни  и дневни планирања и навремено ги доставуваат во стручната служба. Наставниците планирањата ги прават во електронска форма, користејќи ги предностите на информатичката технологија.
Изготвувањето на планирањата на ниво на училиштето е според насоките од ЦСОО.
Наставните програми во реформираното стручно образование се модуларно дизајнирани. Секоја наставна програма е составена од модуларни единици, структурирани како резултати од учење, содржини и поими, активности и методи и критериуми за оценување. Наставникот ги определува наставните содржини индивидуално, во согласност со резултатите од учење.
Модуларните, а особено дневните планирања на наставниците, зависат од нивната инвентивност, способноста за користење на ИКТ, посветеност на педагошката работа, подготвеноста за прифаќање нови идеи и постојано усовршување. Постојат мали разлики во содржината на планирањата, во зависност од специфичните потреби на наставата на некој

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | предмет или препораките дадени од страна на Советниците од БРО и ЦСОО.<br>Со трансформација на училиштето во РЦСОО и започнувањето со реконструкција и опремување на училиштето, наставата во ДСУ РЦСОО "Киро Бурназ" се изведува преку настава на далечина на национална платформа. Сите ученици и наставници имаат кориснички имиња, лозинки и непречено се вклучуваат на часовите. Учење преку работа кај работодавач, Практична настава во стручно образование за занимања ( тригодишно образование ) и Феријална практика се реализираат во компании, согласно со Насоки за програмирање и планирање на УПР и Упатството за феријална практика. Училиштето, работодавачот и ученикот / родителот склучуваат Договор за реализација на Учење преку работа кај работодавач, Феријална практика и Практична обука. Со помош на училишниот координатор за УПР и предметните наставници, кои реализираат УПР, склучени се 50 договори, во секторите: Машинство, Земјоделство, рибарство и ветеринарство, Хемија и технологија, Лични услуги, Здравство и социјална заштита и Сообраќај, транспорт и складирање.<br>Дуалното образование се реализира во вкупно 26 паралелки, во прва година во 13 паралелки во сите запишани квалификации, во втора година во 10 паралелки и во трета година во 3 паралелки.<br>Сите наставници планираат дополнителна и додатна настава и изготвуваат програми за истите.<br>Наставници кои имаат ученици со посебни образовни потреби, во соработка со стручната служба, изготвуваат ИОП спрема можностите на секој ученик.<br><br>**Размена на искуства и информации при планирањата**<br><br>При планирањето, наставниците го користат сопственото и искуството на колегите од стручниот актив. На состаноците на активите, разменуваат идеии за планирање на наставата, за користење на ИКТ и други методи, разменуваат литература, дискутираат за актуелни проблеми и потреби. Заради тековната ситуација со реконструкцијата и опремувањето на училиштето, состаноците се одржуваат он лајн.<br>Помал број на наставници од различни активи во училиштето меѓусебе разменуваат искуства и информации при планирањата на наставата.<br>Мал број наставници, при планирањето на наставата, користат информации и новини од други училишта од општината, стручни училишта од регионот или пошироко.<br><br>**Распоред на часови**<br><br>Распоредот на часови го изготвува предметен наставник по стручни машински предмети, назначен од Директорот, во договор со наставниците. При распоредување на часовите, се води сметка учениците да бидат рамномерно оптоварени во текот на неделата. |

| | |
|---|---|
| | **Вклучување на еколошките содржини во планирањата на наставниците согласно еколошката програма**<br><br>Сите наставници имаат интегрирано еколошки содржини во своите модуларни  и дневни планирања, согласно наставните содржини и еколошката програма. |
| **3.2. Наставен процес;** | ➢ **Наставни форми и методи**<br>➢ **Употреба на ИКТ во наставата**<br>➢ **Избор на задачи, активности и ресурси**<br>➢ **Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>➢ **Приодот на наставникот кон ученикот**<br>➢ **Следење на наставниот процес** |
| **Извори на податоци:**<br>• годишни, модуларни  и дневни планирања;<br>• е- дневник;<br>• интерна процедура за следење  на наставниот процес;<br>• записници од Совети на паралелки;<br>• записници од стручни активи;<br>• извештаи од стручна  служба за секој квалификационен период;<br>• анализа на анкетни прашања;<br>• записници од увид на просветен инспектор. | **Наставни форми и методи**<br><br>Заради специфичните услови при учење на далечина, посебно внимание е дадено на активното учење. Според препораките на МОН и ЦСОО, се користат повеќе форми на работа, во кои една содржина се претставува како спој на видеа, линкови, текст и вежби,.  Препорачано е на учениците да им се пренесуваат нови информации во делови со кратко времетраење, без оглед дали се работи за текст, видео или звучен запис. Десет минути е горната граница до која учениците покажуваат доволно внимание за она што им се презентира и истото да биде усвоено. По 10 минути треба да се пристапи кон некоја друга форма на работа.<br>Заради потребите на наставата на далечина, најголем дел од наставниците користат илустративно-демонстративни методи, презентации на компјутер, монолог, дијалог, читање и работа со текст. Со овие методи се развиваат индивидуалните техники на учење кај учениците. Голем број од наставниците планираат настава во која доминираат вербални методи: усно излагање, дискусија, монолог, дијалог, читање и обработка на текст, работа во парови и групи. Со тие методи, кај учениците се развиваат комуникациските вештини, мотивацијата за тимска работа и превземање на одговорност.<br>Повеќето наставници користат знаења стекнати на обуките за стручно усовршување и десеминација и ги применуваат во наставниот процес.<br><br>**Употреба на ИКТ во наставата**<br><br>Наставниците се адаптираа на тековната ситуацијата со настава на далечина и потребата да бидат креативни во приспособување на различни стратегии базирани на технологија, користење дигитални алатки и електронска комуникација. Во наставните програми во стручното образование е предвидена употребата на информатички и комуникациски технологии, со што се дава можност за реализација на наставата во специфични услови и учење од далечина. Сите наставници |

| | |
|---|---|
| | користат ИКТ во подготовка и реализацијата на наставниот процес и можноста за размена на материјали. Од учебната 2021/2022 год, хартиениот дневник за работа е исфрлен од употреба и се користи само електронскиот дневник.<br><br>**Избор на задачи, активности и ресурси**<br><br>Модуларно дизајнираните наставни програми, базирани на резултати од учење и критериуми за оценување, овозможуваат поголема флексибилност во изборот на задачи и активности, подобро искористување на ресурсите и можности за индивидуален пристап во наставата. По одделни предмети нема учебници и наставниците ја користат својата креативност во реализирање на активностите на часот, давање на задачи и постигање на резултатите од учење. Задачите се со различно ниво на сложеност, временски испланирани и прилагодени на потребите на учениците. За да се зголеми мотивацијата на учениците, се користат мултимедијални форми за изработка на домашни задачи и презентирање на она што го научиле во форма на видеа, звучни записи, презентации, апликации, илустрации и други медиуми.<br><br>**Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br><br>Без разлика на начинот на кој се одвива наставата (со физичко присуство или настава на далечина) ученикот е во центарот на наставниот процес. Учениците се поттикнуваат и охрабруваат активно да учествуваат во наставата. Наставниците ги запознаваат учениците со целите и резултати на учење на почетокот на наставната година, на почетокот на модуларната единица или на почетокот на наставната единица, на часовите за подготовки на писмена работа или тест. Навремено ги информираат за очекуваните исходи од учењето, на разбирлив и транспарентен начин ( усни напатствија, бодовни скали на тестови ).<br>Наставниците го почитуваат мислењето на учениците, нивните прашања и забелешки. Со цел да го стимулираат активното вклучување на ученикот во наставниот процес, се користат јавни пофалби, истакнување на најактивните ученици на часот, континуирано известување за постигнатите резултати и развивање на натпреварувачки дух.<br>Наставниците ги споделуваат со учениците целите, можностите и значењето на различните проекти ( Еразмус, Мио и сл. ). Сите ученици се потикнуваат и повикуваат активно да се вклучат во реализацијата на тие проекти.<br><br>**Приодот на наставникот кон ученикот**<br><br>Пристапот на наставникот кон ученикот е инклузивен, со почит и разбирање.На часовите, наставниците ги сослушуваат, разговараат и советуваат учениците за надминување на проблемите од различна природа. |

| | |
|---|---|
| | Во нашето училиште нема полова, етничка, социјална или дискриминација по било која основа. Сите ученици рамноправно се вклучени во сите активности, подеднакво се третираат при утврдување и оценување и подеднакво се мотивираат и поттикнуваат.<br><br>**Следење на наставниот процес**<br><br>Во процесот на следење на работата на наставниците се вклучени Директор, Раководител за формално образование и педагошко-психолошка служба. Се следи изведувањето на наставата со посета на часови, при што се користат инструменти за следење на часот (записник). При настава на далечина, постои можност за нивно додавање во тимовите на платформите и непречено вклучување на часовите.<br>Наставниот процес се следи и преку резултатите за успехот и редовноста на учениците, што се разгледува на совети на паралелката, на крајот на секој класификационен период.<br>Педагошко-психолошка служба изготвува табели и извештаи, што се презентираат на Наставничките совети. Стручните активи одржуваат состаноци на крајот на секое тримесечие, го анализираат успехот по нивните групи предмети и даваат заклучоци и препораки за негово подобрување.<br>Училиштето има пропишана интерна процедура заследење на наставниот процес. |
| **3.3. Искуства на учениците од учењето;** | ➢ **Средина за учење**<br>➢ **Атмосфера за учење**<br>➢ **Поттикнување на учениците за превземање одговорност**<br>➢ **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето** |
| **Извори на податоци:**<br>• педагошка евиденција и документација;<br>• програма за ОЖВ;<br>• програма за работа на младинска организација;<br>• еколошка програма;<br>• дипломи, пофалници, благодарници;<br>• училишен WEB портал;<br>• анкетни листови. | **Средина за учење**<br><br>На учениците им се допаѓа средината за учење во училиштето. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како мотивирачка, инклузивна и безбедна средина.<br>Училиштето има солидни услови за теоретска и практична настава и поврзување на знаењата со нивната секојдневна и практична примена.<br>Иако имаат можност рамноправно да учествуваат во уредувањето на училишниот простор, најчесто се активни мали групи на ученици кои сакаат да учествуваат во одредени активности.<br>Секој ученик има можности да изложи свој труд. Тие се поставени на видни и соодветни места во холовите или се истакнуваат на официјалната страница на училиштето.<br><br>**Атмосфера за учење**<br><br>За време на часовите постои работна и мотивирачка атмосфера. Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од она што го учат.<br>Во активностите за време на часот не учествуваат сите ученици. Тоа особено е забележливо |

| | |
|---|---|
| | при наставата на далечина. Учениците со подобар успех се поактивни, а учениците со помали предзнаења и помала самодоверба многу ретко самоинцијативно се вклучуваат во активностите на часот.<br>Најголем број од наставниците, критиките и слабите страни на ученикот, не ги упатуваат јавно пред другите ученици и возрасни.<br><br>**Поттикнување на учениците за превземање одговорност**<br><br>Учениците се охрабруваат да преземаат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во активности.<br>Училиштето дава можност учениците секогаш да го кажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид.<br>Секоја паралелка има формирано раководство на класна заедница и тим за безбедност. На класен час се одржуваат работилници ОЖВ, се дискутира за теми што влијаат на развојот на позитивни ставови и однесувања кај учениците. Советот на паралелката учествува во разгледувањето на успехот, редовноста и поведението на класот, го унапредува другарството и одговорноста, дава предлози во врска со наставата, педагошки мерки и пофалби.<br>Во склоп на проектот „Безбедни училишта“ формирани се Одделенски тимови за безбедност, со цел да се подигне степенот на грижа за општата безбедност на учениците.<br>Во рамките на Младинската организација на училиштето, учениците се поттикнуваат да го искажат своето мислење во врска со проблемите и одлучувањата.<br>Во училиштето функционираат училишни клубови ( хортикултурна секција, спортска, фризерска ) во кои се вклучени и ученици со ПОП, за нивна целосна инклузија во училиштето.<br>Центарот за кариерен развој е место каде се спроведуваат различни обуки, кои на учениците им помагаат да направат вистински избор на професија и полесно да најдат вработување.<br>Учениците даваат идеи и превземаат одговорности во реализација на еколошки проекти и точки на акција од воспоставените еко - стандарди, со цел да се развива еколошката свест и да се разубави средината за учење.<br><br>**Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br><br>Училиштето низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето.<br>На сите ученици им се даваат еднакви можности за рамноправно вклучување во различни проекти, во и надвор од наставата ( учество на саеми, научни ескурзии, забави по повод училишни и државни празници, манифестации, конкурси, трибини, акции, натпревари, проекти ).<br>Во нив се вклучуваат групи ученици, со различен состав и големина, а возрасните во училиштето се отворени за соработка, консултации и подршка. Комуникацијата и соработката меѓу учениците е добра, се темели на принципи на толеранција, почитување на разликите, |

| | |
|---|---|
| | надминување на предрасудите и решавање на конфликти по мирен пат.<br>Пристапот на вработените од другите служби во училиштето кон ученикот е со почит и разбирање. |
| **3.4. Задоволување на потребите на учениците;** | ➢ **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>➢ **Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br>➢ **Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење** |
| **Извори на податоци:**<br>• е-дневник;<br>• годишни, модулирани и дневни планирања;<br>• планирања на дополнителна и додатна настава;<br>• ИОП;<br>• кодекс за ученици и наставници;<br>• анализа на анкетни прашања. | **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br><br>Наставниците и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Тоа се прави според постигнатите резултати по наставните предмети, интересот и ангажманот на учениците во одредени подрачја, дискусии на класните часови. Се превземаат активности за надминување на детектираните потешкотии во задоволувањето на образовните потреби на учениците ( дополнителна, консултативна и додатна настава) и со правење на ИОП на ученици со ПОП.<br><br>**Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br><br>Наставниците ги исполнуваат образовните потреби на учениците, но немаат доволно можности за задоволување на индивидуалните потреби на учениците. Тоа особено се актуелизира со наставата на далечина. Во „виртуелните училници“ уште поизразена е потребата од приспособување кон можностите на учениците за учење и вештините за користење на ИТ алатките што се на располагање. Заради обемноста на наставните програми и содржини, наставниците се трудат да ги исполнат предвидените цели и резултати од учење, но не вршат систематско идентификување и отстранување на пречките во наставниот процес.<br>**Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење**<br>Обезбедување квалитетно образование во услови на настава на далечина, имплицира учениците и наставниците да имаат безбедна средина и услови за учење и работа. Учениците, наставниот кадар, стручната и техничката служба активно учествуваат во обезбедување и одржување на здрава и чиста средина за работа и учење. |
| **3.5. Оценувањето како дел од наставата;** | ➢ **Училишна политика за оценување**<br>➢ **Методи и форми на оценување на учениците**<br>➢ **Користење на информациите од оценувањето во наставата** |
| **Извори на податоци:**<br>• правилник за оценување на учениците;<br>• стандарди за постигања на учениците;<br>• е- дневник; | **Училишна политика за оценување**<br><br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците ги користат критериумите за вреднување на постигањата на учениците, што се темелат на стандардите за постигањата на учениците препорачани од БРО и ЦСОО. Најголем |

| | |
|---|---|
| • користени инструменти за оценување ( тестови, наставни ливчиња, бодовни листи );<br>• увид во ученичко портфолио;<br>• записници од Совети на паралелки;<br>• увид во педагошка евиденција и документација;<br>• анализа на анкетни прашања. | број од наставниците, транспарентно и навремено, ги запознаваат учениците и родителите со начинот и критериумите на оценувањето.<br>Процесот на оценување е континуиран и се следи со разнообразни инструменти и методи на оценување ( од почетно дијагностичко оценување, преминува во формативно и се заклучува со сумативно оценување ).<br><br>**Методи и форми на оценување на учениците**<br><br>Наставата на далечина наметна потреба од приспособување и на оценувањето, како составен и многу важен дел на наставниот процес. Наставата на далечина бара промени во начинот на следење и оценување на учениците и ставање поголем акцент на формативното оценување.<br>Еден од начините препорачан од БРО и ЦСОО е електронско портфолио. Сите активности, резултати, забелешки ( есеи, обрасци, постери, фотографии, видео и аудио записи што ги креирал ученикот ) се групираат во е-портфолио. Тоа е збирка на трудови и информации што го документираат учењето и развојот на компетенциите на учениците. Е-портфолиото овозможува индивидуализација на наставата, го активира и поттикнува критичкото мислење, рефлективноста, самопочитувањето и позитивните ставови кон учењето и работата.<br>Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а ги оценува преку усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, домашна работа, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста, активноста за време на часот и.т.н. Добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти, бидејќи различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобрат своите постигнувања.<br>Посебен предизвик е вреднувањето на практичните вештини. Некои можат делумно да се демонстрираат и во наставата на далечина, но има и такви кои се сложени или специфични.<br>Учениците и наставниците за Учење преку работа кај работодавач и Практична работа во компании, занаетчиски работилници, салони, аптеки, се во директна соработка со менторите кај работодавачите. Заеднички се следат, усовршуваат и оценуваат практичните вештини на учениците.<br>Заради изведување на настава од далечина, доколку има потреба, учениците се повикуваат во училиште каде усмено се испрашуваат и писмено проверуваат.<br>Потешкотии има во оценувањето на учениците кои не се во можност да учествуваат во интерактивната електронска комуникација. За нив наставниците обезбедуваат материјали за учење, а валидацијата на знаењата се реализира со физичко присуство во училиште.<br>Наставници користат различни критериуми, методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците. Најчесто се користат усно и писмено проверување на знаењата и оценување на практична работа. Таквиот начин на оценување е превземен од класичната настава, но не и целосно пресликан. Кај најголем дел од наставниците, оценките од усните одговори се засновани на давање одговор на поставени прашања. За писмено проверување се користат тестови на знаења, писмени вежби, писмени работи и проектни |

| | |
|---|---|
| | задачи.Информатичката технологија нуди огромни можности во тој дел на оценувањето. Поголем број наставници практикуваат вклучување на учениците во процесот на оценување ( самооценување ) и консултирање на класната заедница.<br><br>**Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br><br>Оценувањето е јавно, транспарентно и објективно. Скоро секогаш е проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, што во голема мера им помага на учениците да ги подобрата своите знаења и да ја јакнат својата самодоверба<br>Учениците, за своите постигања, од наставниците добиваат усни и писмени повратни информации, со кои им се укажува на позитивните страни на нивното учење, но и на слабостите и начините како да ги надминат.<br>Наставниците недоволно ги користат информациите од оценувањето за сопствена евалуација и унапредување на наставата. |
| **3.6. Известување за напредокот на учениците;** | ➢ **Известување на родителите за напредокот во учењето** |
| **Извори на податоци:**<br>• увид во педагошка евиденција и документација ( записници од родителски средби, евидентни листови);<br>• е – дневник;<br>• анкета со родители;<br>• кодекс на однесување на ученици и наставници; | **Известување на родителите за напредокот во учењето**<br><br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За известување се користат ИКТ методи ( електронска пошта, смс пораки, платформи, социјални медиуми ).<br>Сите класни раководители редовно ги информираат родителите за успехот на учениците на родителски состаноци. Тие се одржуваат он лајн на платформата Микрософт Тимс. Класните раководители даваат информации за паралелката во целина и препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. Во текот на годината се одржуваат пет задолжителни родителски средби, за кои се водат уредни записници во е-дневникот.<br>Родителите добиваат пишани документи: евидентни листови, сведителства и дипломи ( на крајот од завршните години ), со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес ( оценки, број на изостаноци, поведение ). Преку електронскиот дневник родителите имаат можност за увид во успехот и редовноста на нивното дете во секој момент. На седмично ниво, од е - дневник, добиваат порака за оценките и бројот на изостаноци. Следењето на успехот, редовноста и поведението по секој класификационен период се врши на Советот на родителите. Тој се одржува на далечина и од родителите се бара да дадат повратна информација во вид на записник. Училиштето ги прифаќа иницијативите и сугестиите од Советот на родителите. Училиштето бара мислење и подршка од родителите, кога се во прашање активности кои мора да ги финансираат родителите.<br>На информациона огласна табла, родителите можат да се информираат за приемен ден на секој од наставниците, доколку лично имаат потреба од разговор со некој од нив. Сите родители имаат можност за индивидуални контакти со класен раководител, предметни |

| | |
|---|---|
| | наставници или стручната служба, со доаѓање во училиште или по електронски пат. Имаат доверба во тимот и доколку имаат проблеми во семејството од економски, социјален, интелектуален или емоционален карактер, да ги изнесат, за да на нивните деца им се пружи потребната подршка. |

| |
|---|
| **РЕЗУЛТАТИ – Клучни јаки страни и слабости во училиштето** |
| **КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ:**<br>- пропишана интерна процедура за подршка и за следење на планирањата на наставниците;<br>- пропишан интерен протокол за следење на наставниот процес;<br>- постоење на етничка, полова и социјална рамноправност на учениците ( инклузивност );<br>- утврден систем за известување на родителите и негова доследна примена;<br>- мотивираност на учениците преку ученички стипендии;<br>- добра соработка со компании за реализација на учење преку работа. |
| **СЛАБИ СТРАНИ:**<br>- обемен наставен план и програми, што ги оптоваруваат учениците;<br>- недоволна активност на сите ученици во настава на далечина;<br>- немање учебници по стручни предмети; |
| **Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето** |
| - поголема промоција на училиштето за упис на повеќе ученици;<br>- професионална обука и усовршување на наставниците од општообразовно подрачје; |
| Тим за спроведување на самоевалуација за подрачјето Учење и настава<br>Снежана Глигоријевска<br>Данијела Митиќ<br>Даница Цветковска Милановска |

**Подрачје бр. 4: Поддршка на учениците**

**4.1 Севкупна грижа за учениците**
**4.2 Здравје**
**4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**
**4.4 Следење на напредокот**

| | |
|---|---|
| **4.1 Севкупна грижа за учениците** | ➢ **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>➢ **Превенција од насилство**<br>➢ **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>➢ **Квалитет на достапна храна**<br>➢ **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>➢ **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** |
| **Извори на податоци** | **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br><br>Просторот во училиштето и училишниот двор е безбеден за престој и работа на учениците и наставниците. На пристапот до училиштето, околу него, до спортската сала, во самиот училишен двор и пред главниот влез поставен е бекатон со што е овозможен безбеден приод. до училиштето. Околу училишниот двор направена е метална ограда со бетонска основа. Асфалтиран е приодот до училишниот интернат и работилниците, кабинетот за машинска, земјоделско-ветеринарна и хемиско-технолошка струка Околу истите има и бекатонски патеки за безбедно движење на  учениците.<br>Училиштето има изготвено акт за постапување во случај на елементарни непогоди наречен Правилник за заштита од пожари и експлозии, кој е изготвен од страна на овластено лице од училиштето и е верифициран. Планот е изготвен врз основа на процена на загрозеноста и содржи мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. Во планот е предвидена употребата на материјално техничките средства, организација на вработените и нивните задачи во случај на потреба од спасување. Редовно се изведуваат и вежби за евакуација од ДППЗ -Превентива- според елаборатот за подготвување и изведување на вежба за евакуација.<br>Во училиштето има противпожарни апарати и хидрантна мрежа кои се поставени од стручни лица на соодветни места, како и алармен систем за дојава на пожар и истите редовно ги одржуваат и проверуваат соодветни стручни лица. Светлата за излез во случај на опасност се поставени на предвидените места и се исправни. Насоките за движење се видливо и соодвтно исткнати на предвидени места. и реализирана Од страна на ДППЗ -Превентива- Куманово организирана е реализирана обука на дел од наставниците, учениците и техничкот персонал за ПП заштита,. Осум наставниците имаат присуствувано на обука за давање на прва помош при |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Наставни планови и програми по предмети<br>• Годишни и тематски планирања по предмети<br>• Дневници за работа<br>• Записници од Совети на паралелки<br>• Увид во документација на педагошка служба<br>• Програма за работа на стручната служба<br>• Записниците (евидентните листови) од индивидуалните разговори со учениците и со родителите;<br>• Увид во педагошката евиденција (работа на проекти),<br>• Правилник за заштита | |

| | |
|---|---|
| одпожари и експлозии<br>• Записник од служба за ППЗ<br>• Извештај за реализирана обука за ПП заштита<br>• Извештај од реализирана обука „Безбедност и здравје при работа“<br>• Наод од извршен преглед и мерење на заземјувачот<br>• Изјава за безбедност при работа со проценка на ризик на рботни места<br>• Извештај од реализиран курс по прва помош на работно место<br><br>•<br>•<br>•<br>• алармен систем за дојава на пожар<br>• Записник за испитана исправност на хидрантна мрежа и ПП апарати<br>• План за евакуција<br>• Скица за евакуација<br>• Елаборат за подготвување и изведување на вежба за евакуација<br>• Анкети за ученици, родители и наставници<br>• Кодекси за однесување на учениците, родителите и наставниците<br>• Проект безбедни училишта<br>• Записници од родителски состаноци<br>• Програма за работа на директор, помошник директор, педагог, дефектолог, психолог и | несреќни случаеви. Комплетот за укажување на прва помош е полн и ставен на предвидено видно место.<br>Инфраструктурата во училиштето е комплетно реновирана, безбедна е за користење и не претставува потенцијална опасност за учениците. Вграден е лифт за пристап до катови и скалишни хидраулични платформи за безбеден влез на ученици со посебни потреби. Во училиштето и во ученичкиот дом направени се и тоалети кои одговараат на потребите на лицата со посебни потреби. Сите тоалети се во добра состојба и се безбедни за користење. Опремање на училниците со мебел е во тек и тој ќе биде нов направен според стандардите за училишен мебел, извршена е целосна промена на внатрешни и надворешни врати Подовите во училниците, лабораториите и кабинетите се обложени со подна облога освен кабинетот за практична настава по козметика кој е со керамички плочки. Сите прозорци се нови, поливинилни и обезбедуваат термозаштита.  Осветленоста на училиштето од дневна светлина и од електрична енергија е добра, сите светла се исправни како и паничните светла.<br>Ходниците се исто така обложени со подна облога на кој на средина има тактилни патеки со информативни знаци и табли според стндарди за полесно движење на лица со проблеми со видот.. Внатрешните скали во училишната зграда имаат метална ограда, мермерни се, здрави и безбедни се за движење.. Струјните места нови добро обезбедени и безбедни за користење. Крововите на училиштето, ученичкиот дом, и работилниците се потполно обновени со нов пластифициран лим. На кровот постои громобран кој се сервисира по утврден план,<br>Во истурените паралелки на албански јазик, во касарната „Карпош“, во тек е постапка за потполно реконструирање на училишната зграда.<br>Реализацијата на наставните содржини кои бараат примена на потенцијално опасни материјали и апарати се изведува во соодветни простории за таа намена, чие опремање со потребен инвентар како и дигестор е во тек. Наставата во лабораториите за време на настава со физичко присуство се изведуваше со задолжителен ангажман на предметните наставници. Во лабораториите има прибор за прва помош и заштита. Учениците од хемиско технолошката струка, користат заштитна облека и по потреба други видови на заштита (ракавици, очила, дигестор) при реализација на наставните содржини за стекнување практични вештини. Учениците се едуцирани за заштита при работа на часовите за практична настава. Учениците и наставниците секоја година во голема мерка се осигуруваат во осигурителна компанија. Сите наставници и техничкиот персонал имаат присуствувано на обука за вработени од областа на безбедност и здравје при работа.<br><br>**Превенција од насилство**<br><br>Училиштето континуирано презема мерки за превенција од насилство. Во училиштето има изготвено документи како што се: кодекси за однесување на учениците, родителите и наставниците во кои се дефинирани одредени норми на однесување на учениците и возрасните кои се сметаат за насилство како и механизмите за справување со евентуалната |

| | |
|---|---|
| социолог | појава на различните видови на насилство. Во училиштето е забранет секаков вид на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Документите се објавени на видни места во училиштето и се достапни за сите.<br>Родителите се запознаени со кодексите на однесување на родителски состаноци од почетокот на годината како и со понудената програмата за советување на родители од ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат намален училишен успех или покажуваат различни форми на девијантно однесување. Учениците се запознаваат со Кодексот на однесување на класните часови на почетокот на учебната година. Во рамка на програмата за образование за животни вештини во текот на целата учебна годината се дискутира за начините на однесување, ефикасната комуникација како фактор за добри меѓучовечки односи, за ликот на ученикот и неговиот однос кон учењето и кон училиштето, за користење на слободното време и други теми кои влијаат на развој на позитивни ставови и однесување кај учениците.<br>Вработените внимаваат и водат сметка за потребите на учениците, земајки ги во предвид нивните права, приватност и достоинство и низ разговор ги насочуваат учениците кон стручната служба за надминување на проблемот. Во програмите на стручната служба се предвидува навремено откривање и пружање советодавна помош за учениците со проблеми во однесувањето како и за нивните родители. Податоци за случаји на насилство стручната служба ги добива преку разговор со ученици кои имаат конфликт како и преку тимовите за безбедност во училиштето. Вработените во стручната служба со своето базичното образование и со постојаната докфалификација преку обуки им овозможува соодветна помош на учениците или родителите во вакви ситуации и нивно упатување до релевантни институции ако е потребно. Во „Етно село“ одржан е Младински камп 2021 Куманово: спречување на насилен екстремизам, во реализација на Акциски тим во заедницата, општина Куманово, локален совет за превенција и Мрежата на силни градови.<br>Во училиштето континуирано се спроведува проектот „Безбедни училишта“ под покровителство и координација на Советот на Општина Куманово –Сектор за образование, ДПИ, ОБСЕ и СВР Куманово, отсек за Превенција во соработка со сите средни училишта во општината. Редовно се одржуваат состаноци под организација на СВР Куманово - Отсек за превенција со што се координираат меѓусебните посети на училиштата на верски празници и организирање на прослава на Бадник во рамки на проектот „Безбедни училишта“.<br>Секоја година во училиштето се формира тим за безбедност кој го сочинуваат ученици, наставници, членови на раководно тело при училиштето и родители и согласно договорената структура (на ниво на паралелка, година и училиште), се одржуваат состаноци на тимовите за безбедност од сите години. Тимовите на безбедност од редот на учениците навремено даваат информации за нарушување на правилата на однесување во училиштето до стручната служба во училиштето која превзема превентивни мерки. Стручната служба поединечно работи со ученици кои имаат потешкотии или пак агресивно се однесуваат. Училишните тимови за безбедност континуирано се едуцираат и соработуваат со останатите училишта, спроведуваат мултикултурни проекти, ја зголемуваат информираноста за препознавање на формите и |

| | |
|---|---|
| | причините за насилно и асоцијално однесување и отстранување на истите, подигањето на свеста на наставниот кадар за поголемо внимание на личноста на детето и евентуални промени – симптоми и друго.<br>Во организација на CID Куманово се одржа првиот модул: „Активно учество на младите во локалниот живот и партиципативна демократија во заедницата“, во рамки на проектот: „Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)“. Од нашето училиште активно учествуваа учениците од македонски и албански наставен јазик и одлично ја оценија обуката.<br>Учениците се запознаени со новоотворениот младински центар во градот „Сакам да знам“. Центарот нуди: едукации по сеопфатно сексуално образование, групни и поединечни психолошки сесии и слободен простор за младински активизам. Центарот е отворен од ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување во соработка со Здравствениот дом во Куманово.Нашето училиште беше домаќини на едукациите кои ги спроведе ХЕРА за Сеопфатно сексуално образование. Склучен е Меморандум за соработка помеѓу нашето училиште и Здружение на граѓани Иницијатива за европска перспектива (ИЕП), НЕКСУС – Граѓански концепт, Здружение за развој и активизам АКВА и Центарот за интеркултурен дијалог (ЦИД) како партнери во проектот „Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација – Младите против насилство“.<br>Во рамките на Проектот за МИО, како двојазично училиште. добивме грант, со кој се одобрените средствасо со кои ќе се реализираат активностите кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција во средните училишта. На покана на Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД) во рамки на кампањата „Слушни ме"; група ученици и наставници земаа учество во фокус група.<br>Земено е учество во завршен настан на проектот: „Рехабилитација на жени затворенички“ реализиран од страна на Здружението за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА и УИС, финансиски поддржано од Цивика мобилитас;<br>Во реализација на МОН и БРО; неколку претставници на наставници од средни училишта учествуваа на обука „Спречување и борба против трговија со деца“, Потпишан Меморандум за соработка помеѓу нашето училиште и Здружение на граѓани Иницијатива за европска перспектива (ИЕП), НЕКСУС – Граѓански концепт, Здружение за развој и активизам АКВА и Центарот за интеркултурен дијалог (ЦИД) како партнери во проектот „Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација – Младите против насилство“.<br>Реализирана е дебата со учениците од средните училишта во Куманово за: Спречување на детското престапништво и зголемување на безбедноста на младите преку форми на работа за кои тие сметаат дека ќе даде најдобри резултати, во организација на Отсек за превенција и ОСПДП. Учениците земаа учество и во Квиз на знаења „Со креативност до безбедност!“ во организација на Отсекот за превенција во склоп на проектот „Безбедни училишта“ и ОСПДП Куманово;<br>Училиштето учествува и во проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ во чии |

| | |
|---|---|
| | рамки се организираат средби на ученици и наставници од различни етникуми на кои преку предавања и работилници се едуцираат учениците за намалување на меѓуетничките тензии.<br>Родителите на учениците се активно вклучени и во работата на Тимот за безбедност при училиштето и проектот „Безбедни училишта„ и при организирање на училишните екскурзии.<br>Училиштето активно соработува со МВР Куманово - Одделение за малолетничка деликвенција, Центарот за социјални работи и по потреба, во случај на поплака на учениците дека постои насилство, се повикуваат стручни лица од наведените организации во училиштето.<br><br>**Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br><br>Во училиштето и во дворот е забрането продавање и користење на алкохол дрога и цигари, што е регулирано со закон и со правилник за изрекување на педагошки мерки и истиот се применува. Стручната служба во соработка со наставниците и тимовите за безбедност работи на рано откривање на вакво однесување и преземање на соодветни чекори за понатамошно делување. Училиштето врши едукација на учениците за заштита од пушење, алкохол и дрога. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции (здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и др.<br>На класните часови во рамки на програмата за образование за животни вештини се разговара за болестите на зависност како општествено зло. Содржините се обработуваат и во рамки на програмите по биологија хемија, биохемија и хигиена. Учениците во тимска работа истражуваат за проблемите поврзани со болестите на зависност а резултатите од истражувањата и донесените заклучоци за различни аспекти од нивното влијание ги претставуваат пред своите соученици преку презентации или хамери, поттикнувајки ги на размислување и на дискусија. Учениците се информирани за правилниот пристап кон болестите на зависност како и за последиците од болестите врз здравјето со потенцирање на нивното влијание на однесувањето на личноста кон околината, искривување на вредностите и потенцијално криминално однесување како и за превенција на употреба на алкохол, цигари и други недозволени средства.<br><br>**Квалитет на достапна храна**<br><br>Во училиштето се планира организирана исхрана во кантина на приземје во училишниот интернат кој е во фаза на опремување. Храната која се нуди на учениците е од продавниците за храна кои се во непосредна околина на училиштето. Во училиштето континуирано се врши едукација за здрава исхрана на учениците. Учениците следат предавања за состав на храна и правилна исхрана во рамките на предметот „Исхрана“ и предметот „Анализа на храна“ во четврта година хемиско- технолошка струка, како и по предметите биохемија и хемија. На класните часови на часовите за образование за животни вештини се реализирани содржини |

| | |
|---|---|
| | во кои се разговарано за правилна исхрана и развој. Дел од учениците и наставниците учествуваат во активности во рамки на Еразмус+ проектотите „Здрави навики, среќни умови“ во кои се работат содрини за здрава исхрана.<br><br>**Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br><br>Инклузивниот тим и стручната служба во својата програма имаат предвидено индивидуална поддршка и помош во работата со учениците со телесни и комбинирани пречки. Учениците со телесни пречки во развојот се успешно интегриран во училиштето и целосно во образовниот систем. За истите се изработува индивидуален образовен план (ИОП), задоволувајќи ги потребите на ученикот за индивидуална работа и поддршка.<br><br>**Поддршка на учениците со аутистичен спектар на нарушувања**<br><br>Во нашето училиште има еден ученик со аутизам (аутистичен спектар на нарушувања) кој посетува редовна настава без образовен асистент. Инклузивниот тим заедно со предметните наставници и родителите, за овој ученик изработуваат индивидуален образовен план (ИОП) по сите наставни предмет, со предвидени краткорочни, среднорочни и долгорочни цели за реализација. На ИОП-от се прави два пати годишна ревизија (евалуација) на постигнатите цели и се проценуваат постигањата на ученикот. Инклузивниот тим пред изработката на ИОП-от изготвува посебни скали на процена на функционалните способности за учениците од спектарот на аутизмот. За поддршка при учење се изведува и дополнителна настава, доколку е потребна и индивидуални разговори со образовен асистент и родителите. Детектирани се два ученика со  дислексија, недостаток на внимание и концентрација за кои се ангажирани образовни асистенти.<br><br>**Поддршка на учениците со визуелни оштетувања**<br><br>Во училиштето има една ученичка со прогресивно оштетување на видот и има асистент. За ученичката, се изработува ИОП во поглед на преостанатите визуелни способности и можности, по сите наставни предмети.<br><br>**Поддршка на учениците со комбинирани пречки**<br><br>Најголем процент од учениците со посебни образовни потреби (со и без наод и мислење) се со комбинирани пречки дислекција и АДХД, срцева инсуфисиенција. Има три ученика кои немаат асистент но имаат наод и мислење. За овие ученици се користи посебен протокол за следење и напредокот во текот на сите класификациони периоди од учебната година. Учениците по потреба посетуваат индивидуални часови со дефектологот и психологот за |

| | |
|---|---|
| | поддршка и насочување при учење и совладување на потешкотиите со говорно-јазичните и социо-емоционалните проблеми.<br>Училиштето располага со компетентна стручна служба (дефектолог, психолог, педагог, социолог) и наставен кадар обучен за работа со вакви деца. Стручната служба редовно оди на професионално усовршување за работа со учениците со посебни образовни потреби, посетувајќи бројни семинари, обуки и едукативни работилници следејќи ги најновите трендови на полето на инклузивното образование. Сите наставници присуствуваа на обука Инклузивно образование, улогата и функцијата, принципи и начела „РИЦИ” организитана од УНДП И МОН.<br>Реализирана е „Воведна обука за подигнување на свеста за потребата од создавање услови за инклузивно образование согласно Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попречности и Глобалните цели за одржлив развој“.како дел од инцијативата на МОН и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) на 25 наставника.<br><br>**Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**<br><br>Учениците од социјално загрозени семејства се евидентираат од класните раководители со издавање на потврди, внимавајки при тоа да не се чувствуваат дискриминирни. Училиштето преку разговори со учениците и родителите со упатуваат кон институции во кои може да добијат финансиска помош за подобрување на социјалната состојба на учениците. Во соработка со Центрите за социјална работа и Министерството за труд и социјална политика на РС Македонија во училиштрето за учениците корисници на социјална помош успешно се имплементира проектот Условен паричен надоместок. Успехот и редовноста на учениците кои користат условен паричен надоместок постојано се следи од стручната служба. Личните податоци кои се однесуваат на семејната и социјалната состојба, постапките за стручна помош, стручни мислења од други институции (центар за социјални работи и други установи) се чуваат во училиштето како професионална тајна, според законот за заштита на лични податоци, и се соопштуваат само во согласност со родителите. Сите ученици земаат бесплатни учебници и имаат бесплатен превоз до училиштето финансиран од Министерството за образование. МОН исто така овозможи стипендии за сите ученици од прва година и втора година запишани во дуални паралелки.<br>Наставници присуствуваа на работилница за психосоцијална подршка на ментално здравје и добро состојба на деца и возрасни во ситуација на криза Куманово организирана од УНИЦЕФ и Влада на Република Северна Македонија<br>Училиштето соработува со организацијата на Црвен крст, Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака Наша“, Дом за стари лица „Зафир Сајто“, и учествува во хуманитарни акции. Училиштето е познато по својата солидарност и два пати во годината во голем број учениците од завшните години учествуваат во хуманитарната акција „Даруваме крв“.<br>Наставниот кадар и другите вработени имаат ист однос кон сите ученици. |

| 4.2. Здравје | ➢ **Хигиена и заштита од болести**<br>➢ **Грижа за учениците со здравствени проблеми** |
|---|---|
| **Извори на податоци**<br><br>• Законот за средно образование<br>• Годишната програма за работа на училиштето;<br>• Годишни извештаји<br>• Куќен ред;<br>• Статутот на училиштето<br>• Правилникот за организација и систематизација на работата и работните места;<br>• Увидот во педагошката евиденција и во документацијата;<br>• Увидот во училиштето и ушилишниот двор<br>• Извештај од надлежен орган за одржување на хигиена<br>• Извештај за учество во хуманитарна акција за чистење<br>• Увид на лице место во хигиената на просториите во училиштето<br>• Разговор со вработени во техничката служба во | **Хигиена и заштита од болести**<br><br>Благодарение на одалеченоста од градот, нашето училиште се наоѓа во чиста животна средина, без бучава и индустриско загадување што е од особена важност за здравјето на учениците. Во училишниот двор се наоѓа парк кој со финансиска подршка од МОН и ОПСЕ во рамки на проектот „Градиме мостови“ комплетно е реконструиран со нивелирање на три нивоа со поптпорни зидови (бетонски жардињери) засадени со украсни садници и трева. Уреден е и просторот пред работилниците и ученичкиот дом. Во училишниот двор има летњиковец за одмор и релаксација на учениците и наставниците во тек на нивното слободно време. Поставени се и клупи за седење на предниот и задниот влез од училиштето.<br>Зелените површини во училишниот двор делумно се одржуваат во рамките на професионалната пракса во земјоделско- ветеринарната струка како и од хигиеничарите и домаќинот во училиштето. Зелените површини, цвеќињата и дрвјата во училишниот двор се наводнуваат со техничка вода од сопствен извор. При недостаток на вода казанчињата во санитарните јазли се полнат со техничка вода како дел од еко стандардот 2 -заштеда на вода. Хигиенигарите редовно и потполно ја одржуваат хигиената во учлниците и другите простории во училиштето. Понекогаш има недостаток на вода што го отежнува одржувањето на хигиена на потребно ниво. Тоалетите во училиштето се реновирани со што е олеснето редовното одржување на хигиената на истите.<br>Наставата се изведува според протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/2022 година а во следните години поради реновирање и опремување на училиштето наставата се изведува онлајн. За време на настава со физичко присуство вршена е задолжителна дезинфекција на лабораториите, работилниците, спортската сала и соблекувалните, по секое менување на групата на ученици. Покрај редовно одржување и на тоалетите водена е и задолжителна евиденција за спроведеното чистење и употреба на дезинфекциони средства. поради заштита од болести. Истакнати се соопштенија со насоки за одржување на хигиена на видни места. За време на настава со физичко присуство ходниците и скалите се чистат и дезинфикуваат редовно, повеќе пати дневно но и на големите одмори. Подот и мебелот во училниците се чистат и дезинфикуваат пред почетокот на секоја смена и на голем одмор а останатиот простор барем еднаш во текот на денот. Вратите особено кваките се чистат и дезинфикуваат повеќе пати во текот на денот. |

| | |
|---|---|
| училиштето<br>• Програми за класен час<br>• Анкети за ученици, родители и наставници<br>• Санитарни книшки<br>• Извештај од превентивни здравствени прегледи<br>• Разговор со секретар на училиште | Во училиштето се врши и редовна дератизација, дезинфекција и дезинсекција. За време на онлајн настава исто така редовно се одржува хигиената во училиштето според план кој е прилагоден на присутните вработени и ученици во училиштето.<br>Во училиштето и училишниот двор како и на површините околу училиштето се реализираат точките на акциите од воспоставените еко-стандарди со цел постигнување на високо ниво на хигиена во училиштето и заштита на здравјето на учениците и вработените. Во училиштето се одбележа и Светскиот ден на чистење со учество во акцијата World Clean-up Day.<br>За да се подобри еколошката свест, направена е анализа на состојбата на животната средина во училиштето и изработен е еко-кодекс на однесување, формиран е и еко одбор кој подржува еколошки акции на локално и државно ниво.<br>Во текот на учебната година наставниците имплементираат Еко-содржини од четирите еко-стандарди преку интегрирање на точките за акција во наставните содржини. Тие се интегрирани во планирањата на скоро сите наставници. Еко содржините наоѓаат примена и во воннаставните активности и манифестации на училиштето. Наставниците во своите планирања, имаат одреден број на еколошки теми кои се во корелација со наставните единици и теми кои ги обработуваат. За сите еколошки активности преку локалните медиуми и фејсбук од страна на училиштето редовно се информира пошироката заедница. WEB страницата на училиштето не е во функција. Во еко-одборот членуваат ученици, наставници, родители, технички персонал, претставници од локалната заедница. Направена е анализа на состојбата на животната средина во ДСУ-РЦСОО „Киро Бурназ“ и е направен план на активности. Изработен е еко-кодекс на однесување и постојано се следи и евалуира напредокот.<br>Еко одборот подржа еколошки акции на локално ниво.<br>Дел од учениците и наставниците учествуваат во активности во рамки на Еразмус+ проектите „Стапките на природата“ и „Energy helps strong economy“, „Green energy = Green life“(Зелена енергија = зелен живот), " Go green, Save the blue" во кои се реализираат содржини за подигање на еколошка свест но и рационално користење на енергијата.<br>Во годишната програма на училиштето планирана е здравствена заштита на учениците, која успешно се реализира во соработка со здравствени организации, Министерството за здравство, Црвен крст и други невладини организации.<br>Редовно се вршат систематски прегледи на учениците и наставниците од страна на вработените во Медицински центар Куманово кои се бесплатни за сите со што навремено се откриваат здравствените проблеми на учениците и наставниците и се советуваат за понатамошно лекување.<br>Во соработка со училиштето Центар за јавно здравје кој е во состав на медицинскиот центар Куманово спроведува задолжителна имунизација на учениците според претходно утврден календар за имунизација. Спроведена вакцинација за учениците од завршни години против тетанус.<br>На почеток на секоја наставна година учениците од хемиско технолошка струка вршат |

| | |
|---|---|
| | санитарни прегледи имаат санитарни книшки за потребите на практична настава.<br><br>Се организираа предавања, дискусии, работилници и трибини од областа за унапредување на здравјето и врши едукативни прадавања за заштита на здравјето.<br>Согласно програмата Образование за животни вештини на класните часови и на часовите по други наставни предмети се дискутира за теми поврзани со здравјето на луѓето, хигиената и сл. Од страна на училиштето постојано се ангажираат волонтери (ученици и вработени) во активно вклучување на истите во Црвениот крст.<br><br>**Грижа за учениците со здравствени проблеми**<br><br>Ученици со здравствени проблеми се детектираат од класните раководители врз основа на претходна информација од родителите на ученикот или преку разговори со неговите соученици. При тоа се добиваат информации за нивното физичко здравје или за нивните психолошки проблеми поради нивниот здравствен проблем, доколку се јавува. Тие проблеми може да бидат од типот на страв, недостаток на самодоверба, хронични здравствени проблеми и сл. Доколку е потребно класните раководители го запознаваат класниот совет со проблемите на учениците во форма со која не ја нарушува неговната приватност, со цел наставниците да имаат разбирање за овие ученици и да обрнуваат посебно внимание во наставниот процес. Според потребите со овие ученици се работи индивидуално од страна на стручната служба и/или класниот раководител во соработка и координација со родителите. Кога станува збор за ученици со посебни образовни потреби (ПОП), се вклучува инклузивниот тим, класниот раководител и родителите на ученикот. Во статутот на училиштето и законот за средно образование постојат пропишани правила за учениците кои поради болест подолго време отсуствуваат од настава. Според процедурите училиштето соработува со Здравствената установа во која се врши лекувањето му дава на училиштето потврда за здравствената состојба на ученикот или други потребни информации. Класните раководители и педагогот понатаму соработуваат со родителите на ученикот и според пропишаните процедури го упатуваат на класен испит или кон друг вид на помош. Процедурите се спроведуваат за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. |

| **4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | ➢ **Давање помош при избор на занимањето /институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>➢ **Грижа за учениците со емоционални потешкотии** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Давање помош при избор на занимањето /институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br><br>Училиштето континуирано врши информирање на учениците за можностите за понатамошно образование, доусовршување, избор на занимање или вработување. Во училиштето постои центар за кариера кој врши систематско следење и едукација на младите за можностите на професионално поле - активно барање работа, развивање на вештини за презентација на ученикот како личност, поттикнување на активности кои ги подобруваат можностите за личен и професионален развој на учениците, поттикнување на интерес за доживотно образование, и оспособување за самостојно учење и следење на најновите трендови во одредена област, со цел постојано надоградување на вештините. Центарот за кариера, стручната служба и наставниците по барање на ученици пружаат индивидуална помош на учениците во изборот, раководејќи се од нивните покажани резултати, интереси и потенцијали. Училиштето контактира со стопанските субјекти од општината и се следат нивните потреби и на тој начин учениците се насочуваат кон струките за кои постои поголема можност за вработување. Во текот на образованието училиштето реализира практична настава (со зголемен обим во дуалните паралелки) во фирми кои вработуваат кадри од соодветни струки со што учениците имаат можност конкретно да се запознаат со занимањето и да се стекнат со потребните знаења и вештини за занимањето кое би го работеле. Ова овозможува талентот и трудољубивоста на учениците да бидат препознаени од работодавците и се отвара можност за нивно вработување по завршување на образованието.<br>Учениците во втора година се советуваат од страна на класниот раководител или педагогот при правилен избор на модули според можностите на ученикот и интересот за определени високо образовни институции или вработување. Во четврта година учениците добиваат информации од стручната служба и класните раководители со кои се насочуваат кон полагање на државна матура или завршен испит, како и информации за правилен избор на предмети за полагање на државна матура соодветно на нивните желби за студирање. На учениците кои го завршуваат школувањето на трет степен (пекари, фризери) им се посочува и можноста за вертикална проодност кон соодветен профил од четврт степен во редовно школување во училиштето. Доколку учениците сакаат да го променат занимањето и да се доквалификуваат за друго занимање им се нуди можноста за едукација на возрасни според изготвени и одобрени програми од Центарот за стручно образование и обука. Во текот на учебната година се промовираат поголем број на факултети во нашето училиште |
| • Годишна програма за работа<br>• Годишни извештаји<br>• Наставни планови<br>• Наставни програми<br>• Записниците од родителските средби;<br>• Записници од разговори со ученици;<br>• Чек листи за евидентирање на ученици со социо-емоционални потешкотии;<br>• Документ за вертикална проодност<br>• Документи за полагање на матура<br>• Програми за едукација на возрасни<br>• Разговор со ученици, наставници и родители<br>• Разговор со стручна служба<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Анкети за ученици, родители и наставници<br>• Флаери | |

информирајки ги матурантите за смеровите, условите на студирањето и перспективите по завршувањето. Центарот за кариера како и наставниците по предметот бизнис вршат оспособување на учениците за активно барање на работа, прибирање на информации, сортирање и анализа на добиените информации, аплицирање на огласи за вработување, подготовка и тек на интервју за работа, изработка на CV, насловно писмо, ефективно комуницирање, јавно говорење и изработка на Бизнис План. На часовите по мајчин јазик и странски јазици учениците се едуцираат за пишување на биографија, техники за пишување креативно насловно писмо кое ќе ги издвои меѓу останатите апликанти, со што им се зголемува шансата да бидат повикани на интервју. Притоа учениците се едуцираат и подготвуваат за интервјуа за работа, односно како успешно да се презентираат себеси, своите знаења и квалификации. Дел од содржините се обработуваат и на часовите за животни вештини.

Матурантите присуствуваа на настанот на кој може да се запознаат со Системот за следење на кариерите и со програмата Младинска гаранција. Овој систем има за задача да утврди колку добро напредуваат завршените ученици со стекнатото знаење. Доколку поради која било причина им треба помош системот ги наоѓа и им помага да најдат дообука, преквалификација или стажирање, на пример, преку програмата на ЕУ „Гаранција за млади“.

Спроведена е едукација на матурантите кои завршуваат 3-годишно и 4-годишно стручно образование за бесплатни официјални испити, кои ќе им помогнат во изборот на идна кариера како и во нивниот професионален развој организирана од Министерството за образование и наука, Секторот за средно образование заедно со проектот финансиран од ЕУ, Техничка помош на Договорот за изведба на реформи во секоторот „ЕУ за млади“, реализиран од страна на конзорциум предводен од Weglobal. Раководител на сектор и дефектолог од училиштето присуствуваа на обука - Извонредност во учењето преку работа / модел на Латвија – European Training Foudation (ETF) Network for Excellence во Литванија. По повод Отворениот ден на УКИМ, учениците со наставниците од земјоделско- ветеринарна струка од ДСУ-РЦСОО "Киро Бурназ" Куманово, беа во посета на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, каде имаа можност да ги запознаат насоките, кабинетите и лабораториите. Реализиран е состанок со учениците од завршните години на тема: „Мојата идна професија“, во организација на Кариерниот центар и ученичката заедница при училиштето;

Дел од учениците и наставниците учествуваат во активности во рамки на Еразмус+ проектот „Вештини за живот“ во кои се работат содржини насочени кон развивање на меки вештини кај учениците со цел да се подготват за извршување на идни стручни работи за подобро вклопување на пазарот на трудот.

**Грижа за учениците со емоционални потешкотии**

Класните раководители со помош на психологот, педагогот и дефектологот ги детектираат учениците кои имаат социо-емоционални потешкотии. Се воспоставува соработка со

| | |
|---|---|
| | родителите и по потреба им се препорачуваат установите (ЦСР, ЈЗУ Општа болница, приватни клиники) надлежни за помош на ваквите ученици. На учениците им се помага полесно да ги надминат проблемите и преку разговори и различни видови ангажирања со што се јакне нивната самодоверба и се мотивираат за надминување на емоционалните потешкотии. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се: здравствените установи, центарот за социјална работа, полицијата итн. Училиштето има договорени процедури за проценка и грижа за учениците со емоционални потешкотии изготвени од стручната служба (психолог, психолог и дефектолог). Стручната служба следи обуки за стручно усовршување во оваа област. |

| **4.4 Следење на напредокот** | ➢ **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>➢ **Анализа на напредокот на учениците по паралелки** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br><br>Училиштето континуирано го следи напредокот на учениците. Класните раководители водат целосна евиденција за поведението, редовноста и напредокот на учениците во паралелките. Постигањата на паралелката во целина, класните раководители ја добиваат врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Професорите кои реализираат практична настава водат портфолија за учениците преку кои го следат напредокот на учениците. Податоците од евиденцијата се даваат на увид пред состаноците на класната заедница, на родителите на родителските средби како и на самите ученици на класниот час. Податоците се внесуваат и во електронскиот дневник за работа од страна на класните раководители со што биваат достапни за сите наставници. Поедини информации се достапни и на родителите. Стучната служба го следи индивидуалниот интелектуален, социјален и емотивен напредок на учениците преку активна соработка со класниот раководител, преку увид во успехот и поведението на учениците во педагошката документација (дневник на паралелката, записници од советите на годината, од родителски средби, записници од изречени педагошки мерки, портфолијата на учениците, разговори со учениците, наставниците и родителите и сл.)<br><br>**Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br><br>Класниот раководител по завршувањето на определени временски интервали изготвува анализа на успех, поведение и редовност на учениците во паралелка. Целосни анализи на напредокот на учениците во сите паралелки изготвува стручната служба на училиштето и ги презентира на Наставнички совет. Извештаите се изготвуваат на ниво на паралелка, на ниво на ниво на година на образование, по активи и по струки. Анализите се презентираат на |
| • Годишна програма за работа<br>• Годишни извештаји<br>• Дневник за работа<br>• Електронски дневник<br>• Полугодишни и годишни извештаи<br>• Евидентни листови<br>• Записници од активи<br>• Записници од родителски состаноци<br>• Разговор со ученици, наставници и родители<br>• Разговор со стручна служба<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Евиденција за учество во натпревари, јавни презентации или слободни активности<br>• Портфолија за практична настава | |

| | |
|---|---|
| • Пофалници<br>• Благодарници<br>• FB страница | совети на паралелка за секој класификационен период, на класниот час за секој ученик поединечно а дел од анализите се презентираат и на родителските состаноци. Успесите на учениците кои имаат освоено награди на училишни, општински или републички натпревари се соопштуваат на наставнички состаноци (учениците добиваат пофалници на наставничкиот совет при прослава на патронатот на училиштето), нивните резултати се истакнуваат на порталот на училиштето како и на локалните телевизии. За матурантите на манифестацијата Првенец на генерација што ја организира Општина Куманово во чест на Ден на словенските просветители се избира ученик на генерација.<br>Следено по паралелки годишен успех на ниво на паралелка во учебната 2022/2023 година е следен:<br><br>I-1 3,15 II-1 3,23 III-1 3,42 IV-1 2,42<br>I-2 3,78 II-2 3,46 III-2 4,35 IV-2 3,53<br>I-3 3,65 II-3 3,64 III-3 3,54 IV-3 3,55<br>I-4 3,55 II-4 3,53 III-4 2,96 IV-4 3,10<br>I-5 3,42 II-5 4,31 III-5 3,25 IV-5 3,35<br>I-6 4,83 II-6 3,51 III-6 3,34 IV-6 3,45<br>I-7 4,54 II-7 3,14 III-7 3,71<br>I-8 3,61<br><br>Може да се заклучи дека успехот по паралелки на ниво на година е сличен и за прва година е 3,82, за втора 3,55, за трета 3,51 и за четврта 3,23. Средниот успех по години е незначително различен од средниот успех на учениците на ниво на година кој за учебната 2022/2023 година е 3,75. Гледано во однос на средниот годишен успех на учениците на ниво на училиште на крајот на учебна 2021/2022 кој е 3,53 се забележува подобрување на успехот на учениците во целина.<br>Анализите се користат и за да се подобри успехот во училиштето со реализација на соодветни обуки за нови техники и методи за работа, пронаоѓање на нови пристапи во решавањето на проблемите, начини за подобрување на редовноста или пак поведението на учениците.<br>Врз основа на овие анализи, активите по струки планираат активности за подобрување на успехот. Наставниците реализираат задолжителна дополнителна настава со ученици кои имаат послаб успех  и додатна настава за ученици кои покажуваат посебен интерес за проширување на знаењата. |

**Резултати – Клучни јаки страни и слабости во училиштето**

**Клучни јаки страни**

- Во училиштето постои добра заштита од физички повреди и елементарни непогоди;
- Има голем број на осигурани ученици;
- Учениците од хемиско-технолошка струка кои изведуваат практична настава надвор од училиште имаат направено санитарни прегледи;
- Учениците добро и редовно и се информирани за заштита од пушење, алкохол и дрога;
- Со учениците континуирано се работи на превенција од насилство;
- Во училиштето во голема мерка се применуваат еко стандардите преку редовна грижа за еколошка чиста и средена училишна средина;
- Во училиштето постои редовна превентивна заштита од болести (систематски прегледи, санитарни прегледи и вакцинациии);
- Во училиштето постојат добри хигиенски услови;
- Училиштето соработува со Црвен крст и спроведува хуманитарна акција „Даруваме крв“ во која што учениците во голем број учествуваат;
- Училиштето помага за полесно прифакање на ученици со психо-физички пречки и нивно вклопување во редовен наставен процес;
- Училиштето помага за полесно вклучување на учениците со здравствени проблеми во наставниот процес;
- Учениците имаат поголем број навремени информации при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување;
- Постои континуирана и плодна соработка со работни и невладини организации во и надвор од градот;
- Индивидуалниот напредок на учениците постојано е следен и евидентиран (успех, редовност и поведение но и аномалии во однесување);
- Постои добра меѓусебна соработка и комуникација на наставниците, родителите и  педагошката служба;
- Класните ракодители водат деталната евиденција за поведението, редовноста и успехот на учениците во текот на учебната година во четири класификациони периоди и две полугодија;
- Девијантните појави во однесувањето во доволна мера се детектираат и на нив соодветно се реагира;

**Слаби страни**

- Присутна но недоволна вклученост на ученици во запознавање на високообразовни институции преку организирани посети на различни факултети;
- Организирана исхрана на учениците;
- Нереконструирана зграда за дисперзираните паралелки на албански наставен јазик.

| **Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето** |
|---|
| - Активирање на организирана исхрана во училиштето;<br>- Комплетно реконструирање и опремување на новата училишна зграда за дисперзираните паралелки на албански наставен јазик . |

Подрачје: Подршка на ученици
- Сузана Стошиќ
- Саше Симоновски
- Елена Славковска

**5. Училишна клима и односи во училиштето**

<table>
<tr><td>5.1. Училишна клима и односи во училиштето</td><td>

- **Училишна клима и односи во училиштето**
- **Промовирање на постигањата**
- **Еднаквост и правичност**
- **Партнерски односи со родителите,локалната и деловната заедница**

</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци<br><br>

- Годишна програма за работа на училиштето
- Извештај за работа на училиште
- Самоевалуација и План за развој на училиште
- Прирачник „Како да се стане еко-училиште“
- Сертификати од сминари и обуки
- Записници од наставнички совети
- Извештаи за реализираните проекти
- Извештаи од спроведените Еко активности
- Прирачници за обуки на возрасни
- Програми за обуки на возрасни

</td><td>

**Училишна клима и односи во училиштето**

**5.1.1. Углед и имиџ на училиштето**

Во училиштето интензивно работиме на подобрување на имиџот и угледот, со цел да станеме поатрактивни и да привлечеме што поголем број ученици. Со отварање на нови струки и профили сакаме да одговориме на потребите на локалната заедница.

Поголемиот дел од наставниците посетуваа семинари, обуки од модернизација на наставата , интерни обуки за јазици, учествуват во проекти.
Угледот на училиштето го градиме со давање еднакви можности  без оглед на пол, раса, култура, националност, традиции, вероисповед и социјална положба. Со забрана  на користење на алкохол, дрога,  носење на оружје , запаливи средства , се овозможува сигурна и безбедна средина.Во училиштето се организираат акции за помош на сиромашните и загрозени семејства на учениците со собирање на облека и доброволни прилози. По повод Нова Година се организира хуманитарна акција Новогодишен Базар, при што доброволните прилози одат за најранливите категории н а ученици. За да се стекне добар углед на училиштето раководниот тим  и наставниците имаат јасна визија за приоритетите, целите и задачите со кои ќе се подобри имиџот на училиштето во локалната средина и ќе се привлечат што поголем број ученици, преку атрактивни струки и профили. За таа цел се организираат многу случувања во училиштето по повод Патрониот празник, св. Трифун, денови на Храната. Како и спортски натпревари, културно уметнички приредби кај што се присутни многу гости  пред кои се истакнува угледот на училиштето.

Угледот на училиштето го збогатуваат и Благодарниците и Пофалниците, Сертификатите добиени за соработка со други училишта со НВО,и разни други институции од локално и државно ниво. Се обрнува големо внимание на одржување на училишната зграда и еколошки уреден двор ,при што се реализираат 3 и 4 Еко стандард, со изведување на повеќе Еко акции во училиштето.Сето ова допринесува за зголемување на угледот и имиџот на училиштето.

</td></tr>
</table>

| **Извори на податоци**<br><br>• Училишен Кодекс<br>• Еко кодекс<br>• Прашалници за ученици<br>• Прашалници за родители<br>• Прашалници за наставници<br>• План за развој на училиште<br>• Записници од Активи<br><br>**Извори на податоци**<br><br>• Кодекс на однесување<br>• Правилник за работни обврски<br>• Книга за дежурства на наставници<br>• Книга за дежурстава на ученици<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Записници од педагошка служба<br>• Педагошки мерки<br>• Правилник за права и обврски на ученикот<br>• Извештаи од Еко акции<br>• Формулар од Еко одбор<br>• Формулар од Еко патрола<br>• Еко кодекс | **5.1.2. Кодекс на однесување**<br><br>Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците, родителите и наставниците. Во неговата изработка учествува комисија составена од наставници и секретар. Во кодексот се дадени основните норми и начела за однесување , ликот на наставникот и ученикот на наставниот час и во училиштето.Должност на секој ученик и наставник е да го почитува кодексот и да допринесува наставата во училиштето за време на часовите и на одморите да се одвива во пријатна и релаксирачка атмосфера. Сите се трудат да внимаваат на своето однесување, домаќински да се користи училишниот инвентар, да се одржува хигиената.<br>Во училиштето од страна на учениците и наставниците од Еко одборот има изготвено Еко Кодекс, кој е истакнат на видно место и во сите училници, и има за цел подобрување на условите во кои се учи и работи. Се обрнува внимание на учениците со посебни потреби полесно да се интегрираат во средината, им се пружа помош од страна на наставниците , учениците и стручната служба во училиштето, секојдневно нивното однесување и проблеми ги следи дефектолог , психолог и педагог, и им помага во решавање на сите пречки со кои се соочуваат.<br>**5.1.3. Училишна клима**<br><br>Во училиштето генерално постои позитивна клима и пријатна работна средина. Поголем број од учениците сметаат дека постои добра соработка помеѓу нив и наставниот кадар имаат добра соработка со класниот раководител и постои добра соработка со,наставниот кадар и нивните родители.Учениците сметаат дека се почитуваат како личности а наставниот кадар има разбирање за нивниот културно забавен живот. Комуникацијата ученик-наставник, наставник-наставник, ученик-раководен тим и стручна служба е на високо ниво.Има взаемна почит и доверба меѓу сите чинители на воспитно-образовниот процес. Училиштето се грижи да бидат запазени принципите на родова и етничка еднаквост.Секој наставник е вклучен во работа на некој актив во зависност од својот предмет. Активите имаат редовни состаноци и овозможуваат професионална соработка меѓу наставниците. Учениците сметаат дека се вреднува нивниот ангажман, но и дека работната атмосфера по некои предмети не ги задоволува нивните критериуми. Во училиштето постои добра соработка меѓу наставниците и педагошко психолошката служба како и помеѓу техничкиот персонал. За училишната клима допринесуваат и многуте работилници предавања и настани, натпревари на кои учествуваат учениците, потоа изведените ученички екскурзии каде што учениците имаат можност повеќе да се дружат ,да се забавуваат и да се зближат меѓу себе. Сето тоа допринесува да се подобрат односите меѓу самите ученици , ученици и наставници да создадат порелаксирана атмосфера за работа во училиштето. |
|---|---|

| **Извори на податоци** | |
| --- | --- |
| • План за развој на училиште<br>• Годишна програма на училиште<br>• Дипломи од натпревари<br>• Сертификати од саеми<br>• Правилник за наградување на ученици<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Училишен сајт<br>• Феисбук страница на училиште | **5.1.4. Поведение и дисциплина во училиштето**<br><br>- Во училиштето дисциплината е на солидно ниво, за што се грижат предметните наставници, класните раководители и педагошката служба. Вработените со своите редовни дежурства постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште.Учениците секојдневно дежураат на влезната врата и вршат контрола и увид на сите што влегуваат и излегуваат од училиштето. Во училиштето има поставено централна камера преку кои се следи движењето на учениците во училиштетои придонесува за безбедност на учениците . Во предметната настава како проблем се јавува доцнењето на првиот час (поради превозот) поради што се прават голем број на неоправдани изостаноци. Вработените во училиштето внимателно и авторитативно се справуваат со проблемите кои се однесуваат на дисциплината и редовноста. Педагошки мерки се изрекуваат според правилникот за права и обврски на ученикот во законски уредена процедура.<br><br>**5.2. Промовирање на постигањата**<br><br>**5.2.1. Промовирања на личните постигања на учениците**<br><br>Училиштето става голем акцент на постигањата на учениците. Своите знаења, способности и постигања можат да ги промовираат на различни натпревари, саеми, локални медиуми, веб сајт на училиштето, и на разни конкурси. На сите ученици им е дадена еднаква можност да ја промовираат својата креативност , вештини и способности во разни активности.<br><br>Наставниот кадар исто така успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање на учениците и ужива голем респект кај учениците.<br><br>Училиштето преку наградувањето на учениците и нивните ментори и промовирањето на нивниот успех пред родителите,локалната заедница и другите структури во општеството води политика на поттикнување на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Учениците се вклучени во повеќе меѓународни Еразмус проекти каде што имаат можност да научат повеќе од своите партнер училишта од Европа, да го разменат своето искуствои знаења, да стекнат нови вештини кои ќе ги пренесат на учениците во своето училиште.Во рамките на Еразмус програмата размена на училишни практики учениците имаат можност да добијат неколку неделни обуки во областа на земјоделието во некоја Европска земја ( Шпанија, Романија, Турција, Португалија, Словенија, Италија) Исто така учениците и наставниците за учество во овие Еразмус проекти добиваат дипломи и ЕУРО ПАС сертификати кои се меѓународно признаени. |

| **Извори на податоци** | Учениците традиционално учествуваат на државни натпревари во сите струки и профили и освојуваат високи награди и дипломи ( училишен , регионален и државен Тракторски натпревар, натпревар во Прва Помош, спортски натпревари во Мал фудбал и Одбојка (машки и женски)<br><br>- За поголема мотивација на учениците на крајот на годината се избира по еден ученик на годината и ученик на генерацијата за што добиваат скромни награди во согласност со правилникот за наградување.<br><br>- учениците секоја година земаат учество на МАССУМ кај што се натпреваруваат со другите стручни училишта од државата во разни дисциплини. |
|---|---|
| • Дипломи од натпревари<br>• Сертификати од саеми<br>• Презентации на училиште<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Училишен сајт<br>• Феисбук страница на училиште<br>• Локални медиуми<br>• Локален весник | |

| | |
|---|---|
| | **5.2.2. Промовирања на постигањата во име на училиштето**<br><br>Училиштето своите постигнувања ги промовира на различни начини и тоа:<br>- Преку учество на саеми како што се Образовното Рандеву, Агрофуд, Еко етно<br>- Промовирање на одржливи вработувања во реализација на програмата за воведување на стручно образование во казнено поправни институции<br>- Медиуми, веб сајт на училиштето, училишна фб страница<br>- Пред основните училишта со вршење на презентации и популаризација на своите струки и профили организира Отворен Ден во училиштетот, учество во натпреварите за Лидер на струка на државно и регионално ниво<br>- Преку учество во разни спортски натпревари на општинско, регионално и државно ниво, Тракториски натпревари, натпревари во Прва помош во организација на Црвен Крст<br>- Одбележување на Светскиот Ден на храна на 16 Октомври<br>- Odbelежување на празникот св. Трифун кој имено е празник на лозарите и празник на Земјоделската струка во училиштето<br>- Обуки за стручно оспособување на Осудени лица, Еднакви можности за сите под покровителство на УНДП , МОН, Управа за извршување на санкции (УИС) во КПУ затвор Куманово и КПУ затвор Идризово.<br>- Учениците го промовираат своето училиште и во Европски држави каде што се дел од програмата за стратешки партнерства од Еразмус + КА229 програмата , размена на добри практики меѓу стручните училишта.Учениците изработуваат презентација на своето училиште со која се претставуваат пред своите партнери од Европа. |

| Извори на податоци | 5.3. Еднаквост и правичност |
|---|---|
| • Реферат за заштита и права на децата<br>• Прирачник од ОЖВ<br>• Годишна програма<br>• Статут на училиште | **5.3.1. Познавање на правата на децата**<br><br>Вработените во училиштето ги знаат, почитуваат и ги заштитуваат правата на децата и ги поттикнуваат самите ученици да ги штитат своите права во случај на нивно нарушување. Училиштето организира разновидни активности по повод ,,Детската недела “на класните часови се чита реферат за светската организација за заштита и права на децата УНИЦЕФ.Предавања изведени од СВР Куманово за Права и обврски на децата.<br>Максимално се почитува личноста на ученикот. |
| • Прашалници од ученици<br>• Прирачник за ОЖВ<br>• Кодекс на однесување | **5.3.2. Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br><br>Раководниот и наставниот кадар игра важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето и ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Сите ученици подеднакво се прифатени од страна на наставниците и учениците и не постои никаква родова или етничка дискриминација.<br><br>- Сите вработени подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите што се гледа од самата анкета на учениците.<br>- Во училиште иако има незначителен број на ученици од друга верска и етничка припадност,сепак тоа води политика на меѓусебно почитување и обезбедување на меѓуетничка соработка како на релација наставник – ученик, така и на релација ученик – ученик.<br>-Особено се води грижа за еднаков третман на учениците со посебни потреби, да бидат добро третирани во училиштето и да се чувствуваат прифатени од своите другарчиња во класот и од училиштето. |

| Извори на податоци | 5.3.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
|---|---|
| • Сертификати за учество во проекти<br>• Меморандуми за соработка | Учениците имаат меѓусебна толеранција за своите различности , се прифаќаат и почитуваат. Учениците имаат учествувано во мултиетнички проекти, на разни работилници, во соработка со НВО или други училишта во кои се запознаваат со религијата, обичаите, и традицијата на своите сограѓани. Учат и се воспитуваат како треба да се почитуваат и негуваат културните вредности на сите нации, во едно мултикултурно општество.Училиштето е вклучено во проектот Меѓуетничка интеграција во образованието преку кој имаат повеќе заеднички активности со ученици од албанска, ромска, српска и други ( Форум театар).<br><br>Преку проектите Чекор по чекор проект Инклузивни партнерства меѓу заедниците, Безбедни училишта, во склоп на кои се организира одбележување на Бадник Божиќ и Бајрам., се остварува поголема соработка на меѓуетничко и мултикултурено ниво. |

| Извори на податоци | 5.4. Партнерски односи со родителите, локалната и деловната заедница<br><br>5.4.1. Соработка на училиштето со родители |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Самоевалуација<br>• Развоен план на училиштето<br>• План на активности<br>• Записници од состаноци на еко-одбор<br>• Записници од Училишен одбор, Совет на родители и Наставнички совет<br>• Прашалници за родители<br>• Записници од родителски состаноци<br><br>**Извори на податоци**<br><br>• Годишна програма<br>• Извештаи од разни активости (посети на музеј, театар, саеми итн.)<br>• Програми за планирање на активности | Училиштето е отворено за соработка со родители, кои секогаш се срдечно примени од наставниците, стручните соработници и директорот и се чувствуваат добредојдени во училиштето што се гледа и од анкетата за родителите. Родителите главно ги почитуваат наставниците и во училиштето се негува мултикултурализмот Комуникацијата со родителите се одвива преку родителски состаноци, состаноци на Совет на родители, состаноци на Одбор на родители на паралелки, индивидуални и групни средби со родителите, писмени и телефонски покани за родителите, посета на домови на учениците, како и поканување на манифестации во училиштето. Индивидуалните средби со родителите се одвиваат во посебна просторија за таа намена, прилагодувајќи се на времето што родителот го има на располагање.Се чувствува недостаток од соработка со родители на поедини ученици кои заостануваат во учењето и не се редовни во наставата и на проблематичните ученици,особено на оние од поодалечени места кои престојуваат во Интернатот. Родителите се поттикнуваат активно да се вклучат во училишниот живот. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, се јасни и секогаш достапни на родителите Родителите се информирани и учествуваат во донесување на сите одлуки во врска со училишни екскурзии, матурски прослави и други активности кои се однесуваат на учениците.<br>Учениците приредуваат разни културни манифестации пред родителите и локалната заедница организирани по повод на Патрониот празник и Денот на лозарите св. Трифун. Родителите присуствуваат на Десиминации од разни проекти во кои учествуваат учениците како и во активностите од проектот МИМО при УСАИД, Еразмус и други настани, кај што родителите можат да ги видат придобивките од стекнатите искуства на своите деца.<br><br>**5.4.2. Соработка со локалната заедница**<br><br>Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес за заедницата. Остварува добра соработка со стопанските организации. Дел од наставниот процес kako Практична обука учениците го реализираат во стопански организации.<br>Учениците од четвртите години (матурантите) редовно учествуваат во Крводарителските акции „Дарувај крв, спаси живот„ кој го организира Крводарителски сојуз. |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма<br>• План за развој на училиште<br>• Сертификати од учество на (карневал,литературни конкурси, крводарителски акции, техничка олимпијада,квизови,спортски натпревари, турнири)<br>• Едукативни предавања ( Медицински центар, ХЕС, и СВР Куманово)<br>• Извештаи од Волонтерски клуб за спроведени акции<br>• Еко програма | Учениците учествуваат на Трибини за Безбедност во сообраќајот при Проектот Безбедни училишта<br><br>Учениците со своите творби секоја година учествуваат на литературните конкурси кои ги организира градската библиотека Тане Георгиевски, и одбележување на манифестацијата Денот на книгата.<br><br>Се прават посети на театар,музеј, изложби, кино претстави, саеми на книги и наука, литературни средби и читања, тематски изложби и модерен балет.<br><br>Соработка со ЈОУ Зафир Сајто каде што учениците од фризерска струка ги посетуваат корисниците на домот и им помагаат во реализација во некои окупациони активности(им прават фризури ,ги шишаат, водат мотивациони раговори со нив)<br>Соработка со ЗРЦЛИП Порака Наша по повод Нова година ,8 ми Март, Велигден, како и одбележување на Денот на лица со попреченост преку заедничко прославување и правење на изработки поврзани со празниците, што допринесува за градење на поголема емпатија и развивање на чувство на социјална одговорност.<br>Посета на ЈОУ Зафир Сајто, ЗРЦЛИП Порака Наша и Детското одделение при Медицински Центар Куманово каде што нашите ученици заедно со корисниците на услугите учествуваа во подготовки на Нова година и украсување на нивните простории.<br>Учениците зедоа учество во настанот Црвен крст во акција-промоција на хумани вредности<br>Во соработка со клубот на млади на Црвен Крст Куманово се одржа Хуманитарен настан Трчање за забава во кој учествуваа и наши ученици.<br>Учениците имаа можност да следат Предавање на тема Негативно влијание од користење на наркотични средства во соработка со СВР Куманово .<br>Учество на Квиз натпереваротОпштински противпожарен Квиз зедоа и учениците од нашето училиште. |

### 5.4.3. Соработка со деловна заедница и НВО

Училиштето остварува соработка и со невладиниот сектор преку спроведување на заеднички проекти поттикнати од двете страни. Учествува на маскенбалот организиран од Локалната самоуправа, во проектот Безбедни училишта организиран од ОБСЕ и СВР Куманово. Остварува редовна соработка со Црвениот Крст – Куманово. Соработува со Градската библиотека преку редовно учество на сите нивни литературни конкурси. Остварува соработка со Народната техника, која воедно ги организира техничките олимпијади на кои нашето училиште зема редовно учество. Грижата за унапредување на здравјето на учениците се одвива во соработка со Медицински центар и ХЕС (хигиенско епидемиолошка служба) преку систематски прегледи, вакцинации и едукативни предавања, и НВО за деца со пречки во развој Порака наша.

Училиштето остварува плодна соработка и со другите училишта од локалната самоуправа и регионот. Соработката се одвива со редовно учество на ученици на литературни читања, ликовни конкурси, квиз натпревари и спортски манифестации. Соработува со стручните училишта од Република Македонија. Редовно учествува во еколошки акции за пошумување, Денот на дрвото. Учествува во сите спортски турнири во градот и во регионот, зонски натпревари во фудбал за мажи и жени, на Карневалот во Струмица.

Училиштето соработува со родителите, локалната и деловната заедница, НВО секторот и медиумите за вклучување на нивни претставници како активни учесници koi go davaat svojot pridones za sorabotka so delovnata zednica .

Учество во Обука за Волонтеризам во рамки на проектот Волонтирај- Резултирај

Учество на Меѓународен саем на Органски производи Органска трпеза зедоа и нашите ученици

Учество во проектот Одржлив пазар за свежи производи на земјоделците во прекугранична област во општина Гњилане и општина Куманово

Учество на учениците на предавање на тема Младинкса медиумска писменост, спроведено од ЦРВ -Дром и партнер медиум ТВ Плус.

**РЕЗУЛТАТИ – јаки страни и слабости во училиштето**

**ЈАКИ СТРАНИ**

- Меѓусебно почитување меѓу сите субјекти во училиштето: ученици, наставници и родители
- Отвореност на училиштето за соработка
- Промовирање на лични постигања на учениците
- Наградување и пофалби на истакнати ученици
- Уредна и пријатна средина за работа и учење во училиштето и надвор од него
- Добра соработка меѓу наставниците и учениците;
- Мултинационална средина за градење соживот;
- Еднаков однос кон сите ученици без разлика на полова припадност, етничка и социјален статус;
- Еднаков третман на ученици со различни способности;
- Одлични услови за работа;
- Соработка со локалната заедница;
- Учество на учениците во многу културни манифестации од натпреварувачки и ревијален карактер.
- Промовирање на училиштето
- Соработка со стручни училишта од европските земји
- Соработка со други стручни училишта од Македонија
- Партнерства со други училишта од регионот
- Успешна соработка со локалната заедница и населението

**СЛАБИ СТРАНИ**

- Физичка подвоеност на учениците албанци и македонци
- Оддалеченост на училиштето од градот

**Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето**

- Да се изготви стратегија за привлекување на ученици со подобар успех од основно образование
- Да се подобри соработката со родителите
- Да се стави акцент на регионалниот центар и обуките кои ке се вршат во него

Тим за спроведување на самоевалуација за подрачјето Училшна клима и односи во училиштето

-Биљана Тодоровска
-Силвана Јосифовска Тасиќ
-Сузана Величковски

# Подрачје 6. Ресурси

| Подрачје бр. 6: Ресурси | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **6.1** | Сместување и просторни капацитети<br><br>**Извори на податоци:**<br>• Имотен лист<br>• Архива на училиштето<br>• Стручно-административна служба (секретар, благајник, сметководител, директор на училиштето)<br>• Извештаи од Годишна програма за работа на училиштето<br>• Извештаи од фактури за потрошена електрична енергија, вода, ѓубрарина итн. | **Просторни услови**<br><br>ДСУ-РЦСОО „Киро Бурназ„ работи во две згради. Првата зграда е со површина од 2802 м2, изградена во 1947 година а втората зграда е со 1459 $m^2$, изградена во 1960 година, наменета за практична настава. Училиштето работи во две смени и користи вкупно 4988 м2.<br><br>Во период од февруари 2022 до јуни 2023 извршена е целосна реконструкција на училишните згради и ученичкиот дом. Сите простории во училиштето се обновени, училници, лаборатории, кабинети, канцеларии и санитарни јазли. Работилниците, исто така, се комплетно обновени и прилагодени согласно потребите на Центарот. Направени се нови кабинети и простории за подготовка на материјали, како и нови санитарни јазли. Со опремување со современа опрема во главната училишна зграда и во работилничкиот простор се заокружува процесот на модернизација на училиштето. Ученичкиот дом е комплетно обновен и опремен. Ученичкиот дом е комплетно обновен и опремен. Обновени се соби за престој на ученици, направен е апартман за сместување на ученици со посебни потреби. Направен е пристап за хендикепирани лица со специјален лифт. Поставени се тактилни патеки во сите згради и во училишниот двор за движење на слепи лица. Целосно е обновена и опремена кујна  за подготовка на топол оброк и трпезарија. Опремена е нова библиотека и читилна.<br><br>Во моментот училиштето располага со 18 училници, 8 модерни кабинети, 1 библиотека, 9 канцеларии, фискултурна сала, 3 хемиски лаборатории, машинска работилница/гаража и мини фарма за 20 молзни крави. Училниците, заедничките простории, кабинети и работилници се соодветни на намената (со површина и осветленост) и овоозможуваат идеални услови за следење на модерна настава во нив.<br><br>Санитарините простории се на високо ниво според опременоста и хигиената.<br><br>Капацитетите на училиштето се користат максимално.<br><br>Заштитата и безбедноста на просториите и училишниот инвентар  се запазува преку дежурства од страна на учениците, наставниците и техничкиот персонал. Ноќе објектот се обезбедува со двајца чувари кои работат во смени.<br><br>Во состав на училишната зграда постои современа спортска сала за реализирање на наставата по Спорт и спортски активности, а во училишниот двор има современо и целосно опремено асфалтно игралиште. Спортската сала е поврзана со систем на парно греење и овозможува оптимални услови за реализирање на наставата. |

Училишниот двор е целосно ограден со заштитна ограда и е целосно хортикултурно уреден а во рамките на училишниот двор постои уреден простор за одмор на учениците (летниковец) и уредени и опремени со урбана опрема уште две катчиња за одмор и дружење на учениците.
Во училишната зграда постои пристап за хендикепирани лица, преку надворешен лифт за достапност до сите катови и внатрешен транспортер за пристап до меѓу катови.

Училиштето располага со училишна економија за потребите на Земјоделско-ветеринарната струка, 28 хектари обработливи површини кои секоја година се засејуваат со житни и фуражни култури, како и мини фарма за 20 молзни крави. Мини фармата е опремена со современа опрема за слободен систем на чување крави и современо молзилиште. Во склоп на фармата функционира и линија за производство на сточна храна.

Наставата на албански јазик се одвива во бараки од времен карактер во кругот на поранешна касарна во населба Бедиње. Располага со 6 училници и 1 мала канцеларија целосно обновени со ламинатни подови. Просториите се со вкупна површина од 292 м2 од кои 196 м2 заземаат училниците, 16 м2 канцеларијата и остатокот отпаѓа на ходник и санитарни простории.

Двете санитарни простории, во склоп на објектот, во минимални услови ги задоволуваат потребите на учениците.

Постоечките услови за работа се максимално искористени.

Со цел осовременување на наставата за учениците кои следат настава на албански наставен јазик, на училиштето е доделена на користење, од страна на МОН, нова зграда во кругот на поранешната касарна, која во наредниот период треба целосно да се реконструира и опреми со современа опрема.

- **Искористеност на просторните капацитети**

Училишните простории се користат според претходно изработен план а во зависност од бројот на ученици во паралелка. Според тоа, секоја просторија е користена од две паралелки во смени, на тој начин се запазува оптималната искористеност на просториите според потребите.

Кабинетите во училиштето се користат според распоредот на часови усогласен со наставните планови и програми.

Во училиштето во делот на албанските паралелки теоретската настава се изведува во минимални услови.
Капацитетите се користат оптимално од страна на сите членови во училиштето.

| | | |
|---|---|---|
| | | • **Реализација на точките на акција од воспоставените еко-стандарди**<br><br>Програмата за еколошка интеграција е целосно активна и врз основа на редовните анализи на животната средина, од кои се добиваат информации за потрошена електрична енергија, вода, количество на отпад што се произведува и какви средства за чистење се употребуваат, се превземаат чекори за воспоставување на приоритети на активности кои ќе допринесат во заштеда на електрична енергија и вода. |
| **6.2** | Наставни средства и материјали<br><br>Ивори на податоци:<br>• Евиденција од училишна библиотека<br>• Пописни листи<br>• Стручно-административна служба (секретар, благајник, сметководител, директор на училиштето)<br>• Записници од состаноци на стручни активи и листи за потребни материјали<br>• Прирачник и програма за Образование за животни вештини<br>• Програма за интеграција на еколошка едукација | • **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br><br>Училиштето располага со богат книжен фонд од кој што мал дел е стручна литература која во најголем дел е застарена**.** Училиштето во континуитет се снабдува со нови учебници преку Проектот „Бесплатни учебници“, кои сеуште не се во доволен број, што се поделени на учениците и истите ги користат во наставата. Училиштето постојано прави напори за набавка на понова стручна литература за потребите и на наставниот кадар и на учениците.<br>Од современи наставни помагала училиштето располага со следната информатичко-технолошка опрема:<br>- 4 Интерактивни табли SMART Board<br>- 4 Проектори за смарт табли<br>- 20 десктоп компјутери LENOVO M720s Intel Celeron G4900<br>- 20 монитори Lenovo T22v-10<br>- 22 декстоп компјутери на располагање на наставниците и учениците во училниците<br>- Мултимедијален проектор CANON MM LVX320<br>- Печатач KONICA MINOLTA bizhub 3622<br>- Лаптоп компјутери<br>- Скенер FUJITSU fi-6110<br>- Платно за проекции EPSON Elite Screen Max White<br>- Мултифункционални печатачи<br>- Дигитална камера CANON Legria HF R88 |

Во тек е набавка на дополнителна опрема за потребите на Центарот. Направени се спецификации за опрема за улиници, кабинети и работилници. Опремата е во функција на осовременување на образовниот процес во училиштето. Дел од опремата е дел од Мултимедијалниот и Информатичкиот кабинет, а останатата опрема е на располагање на наставниците, учениците и педагошко-психолошката служба за помош во изведување на редовните и воннаставните активности.

За потребите на училишното стопанство и за Земјоделско-ветеринарната струка училиштето располага со следнава механизација:

- 2 Сетвоспремачи
- Ѓубрерастурачи
- Дисков култиватор
- Обичен култиватор
- Четворокрилна брана
- Двобраздни и тробраздни плугови
- 2 Редосеалки
- Трактори (Беларус, Универзал, ИМТ 533)
- Тракторски приколки (едноосовинска и двоосовинска)
- Косачка, сенопревртувачка и балирачка
- Прскалка
- Соларна сушара за овошје и зеленчук, ECO SOLAR
- Трактор JOHN DEERE 5065
- Двобразден рамничен плуг UNLU
- Клинеста брана Agromehanizacija-SZR Trajkovic
- Ѓубрерастурач 400 l, ACMA
- Атомизер AGP 330 l, Agromehanika
- Прскалка Sprayer AGS 330 l, Agromehanika
- Фумигатор HSC ULV Thermal Flogger HTF 10
- Моторен култиватор со приклучна механизација (фреза, косачка, плуг) NIBBI KAM 7S, мотор KOHLER CH 270 OHV 7.0Hp
- Ѓубрерастурач 400л со кардан, со еден диск
- Цистерна за течно ѓубре Мајевица
- Комбајн за жито LOVOL GM100
- Плуг лозарски
- Мулчер со хидраулично econoместување
- Сетвоспремач
- Грбни батериски ножици - 2 пара
- Тримери со додадоци – 2 пара
- Моторни косилки за трева

| | | |
|---|---|---|
| | | - Моторен сврдел – 2 пара<br>- Метео станица NETSENSE METEOSENSE 2.0<br><br>Во соработка со Управата за хидрометеоролошки работи и Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство во училиштето е монтирана професионална модерна автоматска метеоролошка станица која ќе врши постојани метеоролошки мерења и набљудувања за целиот Североисточен Регион, а ќе биде и во функција на осовременување на наставниот процес во делот на Практичната настава за учениците од Земјоделско-ветеринарна струка.<br><br>За потребите на образовниот профил Ветеринарен техничар училиштето располага со основен сет на хируршки елементи, и тоа:<br>- 2 стетоскопа со едно гумено црево, марка KRUSSE<br>- 2 стетоскопа со две гумени црева, марка KRUSSE<br>- Отоскоп и офталмоскоп сет, комплет со сите додатоци во кутија:<br>    o халогенски офталмоскоп<br>    o ветеринарен халогенски отоскоп<br>    o комплет од 3 долги ушни спекулуми<br>    o комплет од 4 кратки ушни спекулуми<br>    o дилатирачки спекулум<br>    o халогена лампа за грло<br>    o ларингеално огледало<br>    o тело за 2 батерии и сферна халогенска светилка со вклучени 2 батерии<br>    o резервна халогена сијалица<br>- 1 пакување Комплет хируршки инструменти со 35 инструменти<br>- 1 пакување Штипки за хируршки платна 9 цм од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Хируршка пинцета Ewald 13цм, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Хируршка пинцета 15цм , стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Хируршка пинцета 18цм, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Анатомска пинцета 15цм, права, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Анатомска пинцета 18цм, права, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Анатомска пинцета крива 13цм, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Mosquito пеани прави 13цм, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Mosquito пеани криви 13цм, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Rochester пеани прави 16цм, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Rochester пеани прави 21цм, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Rochester пеани криви 16цм, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Rochester пеани криви 21цм, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Ножици прави 14цм на врв остро/тупи, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 1 парче Ножици прави 18цм на врв остро/тупи, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Cooper ножици криви 14цм на врв остро/тупи, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Cooper ножици криви 16цм на врв остро/тупи, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Ножица за рабови од рани 14цм на врв остро/тупи од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Plaster of Paris ножица за завој 18цм, стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Иглодржач по Matheu, 17цм од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Иглодржач по Matheu, 20цм од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Држачи за скалпел бр.3 за сечила Nos 10-15 од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Држачи за скалпел бр.4 за сечила Nos 18-25 од нерѓосувачки челик обложен<br>- 1 парче Ретрактор за рани 14цм од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња Ретрактор за рани по Senn-Miller 16цм од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Отварач за уста за мачки со пружина за самоотворање 6цм, од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Отворач за уста за кучиња со пружина за самоотворање 11цм од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Носна брунда за бикови 19цм, Harms model стандарден квалитет од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Троакар за крави со метална рачка и навлака 7x120мм од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче Троакар за овци со метална рачка и навлака 4x120мм од нерѓосувачки челик<br>Сет метални садови за чување на хируршки инструменти, и тоа:<br>- 1 парче Алуминиумска кутија за инструменти 21,5x10x3cm<br>- 1 парче Алуминиумска кутија за инструменти 45x23.5x9cm<br>- 1 парче Сад за инструменти 28x15x3cm од нерѓосувачки челик<br>Инструменти за вештачко осеменување, и тоа:<br>- 1 парче KRUSSE спекулум, модел Killian 6.0cm<br>- 1 парче KRUSSE Вагинален спекулум со светло за крави 40x300mm<br>- 2 парчиња KRUSSE Универзални инсеминатори (пиштол за осеменување за 0.25ml и 0.5ml<br>- 1 сет KRUSSE Комплет сет за вештачко осеменување за крави<br>- 1 парче KRUSSE Вагинален спекулум со светло за овци 20x240mm<br>- 1 парче KRUSSE Вагинален метален спекулум за овци 20.3cm<br>Инструменти за царски рез, и тоа:<br>- 1 пакување KRUSSE Pyometra комплет инструменти<br>- 1 пакување KRUSSE комплет хируршки инструменти за големи животни во метална кутија<br>- 1 пакување KRUSSE Штипки за хируршки платна 9цм од нерѓосувачки челик, стандарден квалитет<br>- 2 парчиња KRUSSE Ewald хируршка пинцета, 13цм од нерѓосувачки челик |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 2 парчиња KRUSSE Хируршка пинцета 15цм, од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Хируршка пинцета 18цм, од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Анатомска пинцета 15цм, straight, од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Анатомска пинцета 18цм, straight, од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Антомска пинцета curved 13cm, од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Mosquito пеани прави 13цм, од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Mosquito пеани криви 13цм, од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Rochester пеани прави 16цм, од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Rochester пеани прави 21цм, од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Rochester пеани криви 16цм, од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Rochester пеани криви 21цм, од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче KRUSSE Ножици прави 14цм, на врв остро/тупи од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче KRUSSE Ножици прави 18цм, на врв остро/тупи од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче KRUSSE Cooper ножици криви 14цм, на врв остро/тупи од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче KRUSSE Cooper ножици криви 16цм, на врв остро/тупи од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче KRUSSE Ножици за рабови од рани 14цм, тупи од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче KRUSSE  Иглодржач Mathieu од нерѓосувачки челик, 17цм<br>- 1 парче KRUSSE Иглодржач Mathieu од нерѓосувачки челик, 20цм<br>- 2 парчиња KRUSSE Држачи за скалпел бр.3 за сечила Nos 10-15 од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Држачи за скалпел бр.4 за сечила Nos 18-25 од нерѓосувачки челик<br>- 1 парче KRUSSE Ретрактор за рани, 14цм од нерѓосувачки челик<br>- 2 парчиња KRUSSE Ретрактор за рани Senn-Miller 16цм, од нерѓосувачки челик.<br>Опремата е целосно ставена во функција на образовниот процес во училиштето.<br><br>Училиштето има воспоставено процедура за утврдување на потребите од наставни средства и помагала. На почеток од секоја учебна година на ниво на координативни тела и писмени барања на стручни активи се утврдуваат потребите од наставни средства, материјали за практична настава и сл. Набавките на основните средства се вршат според потребите и можностите, а набавките на потрошен материјал (креди, хартија, тонери, пенкала и сл.) се вршат континуирано.<br><br>Целосно е обновено и подигнато на повисоко ниво мрежното поврзување во училиштето, и интернет конекцијата во секоја училница и канцеларија е достапна за наставниците и учениците.<br><br>Училишната пекарска работилница е целосно опремена и истата ќе биде дополнета и модернизирана со нова опрема.<br><br>Во сите кабинетите се користат LCD проектори за презентации во наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | За заштита на животната средина училиштето располага со Прирачник за ОЖВ, Еко-кодекс, Брошура и Флаери со еко содржини.<br>Во текот на наставата секој наставник во рамките на својата програма има планирано и реализирано еко-содржини од четирите еко стандарди. За таа цел се користат Прирачник за ОЖВ, Програма за интеграција на еколошка едукација, е-содржини подготвени од страна на наставникот од областа на екологијата, статии, есеи и сл., опрема за лична заштита и алати за собирање на отпад.<br><br>• **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br><br>Училиштето има училишна библиотека со фонд од 19136 книги. Фондот на книги не задоволува иако се врши континуирано дополнување, посебно со нови учебници и лектирни изданија. Училишната библиотека располага и со примероци на стручна литература, која во главно е застарена но се прават напори за набавка на понова литература. Евиденцијата се води според законските препораки за кои Библиотекарот има посебно посетувани обуки. Целиот книжен фонд е внесен и во електронска форма. Библиотеката е опремена со компјутер и печатач, достапен интернет во секое време. Истата работи во две смени и во најголем дел од времето е отворена за посета од страна на учениците и наставниците.<br><br>• **Потрошен материјал**<br><br>Набавениот потрошен материјал целосно ги задоволува потребите на училиштето.<br><br>Врз основа на планирањата на наставниците на ниво на стручни активи се прават листи на потребни материјали, кои се доставуваат до раководниот кадар, кој понатаму во зависност од можностите и приоритетите ги вметнува во планирањата за набавки на училиштето.<br>Ефективната и ефикасна употреба на наставните средства и материјали училиштето ја следи преку посета на часови, преку меѓусебните дискусии, размена на мислења, методи и техники за реализација на наставата, размена на искуства помеѓу наставниците итн. Наставните средства се користат оптимално и истите се достапни на сите наставници кои ја реализираат наставата на македонски и албански наставен јазик. |

| | | |
|---|---|---|
| **6.3** | Обезбедување на потребниот наставен кадар<br><br>Ивори на податоци:<br>• Архива на училиштето<br>• Стручно-административна служба (секретар, благајник, сметководител, директор на училиштето)<br>• Годишна програма на стручна служба<br>• Норматив за наставен кадар од БРО<br>• Евиденција за присутност<br>• Извештаи од посета на часови<br>• Програма за интеграција на еколошка едукација | • **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br><br>Во училиштето има вкупно 119 вработени, од кои 36 се мажи, а 83 се жени.<br><br>Во раководниот тим има вкупно 4 вработени, од кои 2 се жени, а 2 се мажи. Според стручна подготовка сите се со високо образование .<br><br>Во наставен кадар има вкупно 80 вработени, од кои 19 се мажи, а 61 се жени, а според етничката структура 55 се македонци, 19 албанци , 5 срби и 1 други.<br><br>Бројот на наставници одговара на потребите според бројот на паралелки и наставни предмети кои се застапени. Истите се стручно оспособени за реализирање на наставниот процес, а наставниците од стручните предмети имаат и педагошко-псохолошко-методска доквалификација. Наставниците секојдневно добиваат стручни совети од педагошко психолошката служба.<br><br>Како стручни соработници има вработено 7 работника (педагог, 2 психолога, социолог, дефектолог, библиотекар и лаборант), од кои 6 се жени а 1 е маж.<br><br>Во административно-техничкиот кадар има вкупно 27 вработени, од кои 14 се мажи а 13 се жени.<br><br>• **Ефективност и распоредување на кадарот**<br><br>Целиот наставен кадар ефективно придонесува за квалитетна работа на училиштето.<br><br>Распределбата на часови се врши според нормативните акти за наставен кадар. При распределба на кадарот се земаат предвид стручната подготовка, квалитетите, искуството на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставниот процес. Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето реагира со брза и соодветна замена.<br><br>Целиот персонал е редовно присутен на работа, согласно законските прописи.<br><br>Помошниците на директорот водат редовна евиденција за присутноста на наставниот кадар. Во случај наставникот да е спречен да дојде на настава, истиот задолжително треба да го пријави отсуството еден ден порано или најкасно пред почнување на наставата, со што се дава можност помошниците да извршат промена на дневниот распоред и да се овозможи непречено реализирање на наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • **Стручната служба како подршка на наставниот кадар**<br><br>Училиштето има стручна служба составена од педагог, психолог, социолог, дефектолог, стручни активи и надворешни соработници, која им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблеми на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош како на учениците така и на наставниците.<br><br>Следењето се изведува со увиди во тематските планови и во подготовките на наставниците како и со посета на часови. Стручната служба има Годишна програма според која ги изведува своите активности за работа со ученици, родители и наставници согласно инструменти за следење на организација на наставата и напредокот на учениците.<br><br>Постои континуирана грижа за упатување на новите наставници во воспитно-образовниот процес преку нивно менторирање. Стручната служба работи во смени, во одредени денови, со цел да се опфатат сите ученици од училиштето.<br><br>• **Соодветност и распоредување на наставниот кадар и стручната служба во вклучување и реализација на еколошката програма**<br><br>За реализација на еколошката програма неколку наставника од училиштето се обучени за Интеграција на еколошка едукација.<br><br>Училиштето има формирано Еко Одбор кој го сочинуваат осум наставника на чело со координатор, хаус мајстор, книговидител, педагог, три ученика и два родителa. |
| **6.4** | Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br><br>Извори на податоци:<br>• Акционен план за развој од стручните активи<br>• Извештаи од реализирана посета на часови | • **Професионален развој на наставниците**<br><br>Училиштето има процедура за следење и идентификување на потребите на наставниците за професионален развој. Во рамките на своите можности, училиштето, организира или спроведува обуки, овозможува посета на семинари и обуки, учество во проекти, организира интерни курсеви.<br><br>Оценувањето на работата на наставниците се врши преку посета на часови од членовите на раководниот тим и педагошко-психолошката служба.<br><br>Вреднувањето на работата и потребите за професионален развој на наставникот се одвива преку неколку активности:<br><br>- Увид, следење на планирањето на наставата и другата воспитно образовна дејност (годишни, тематски, дневни, индивидуални образовни подготовки и друг вид планирања) и контрола на |

| | | |
|---|---|---|
| | • Записници од наставнички совети и совети на паралелки<br>• Извештаи од реализирани обуки на наставници (Интегрирано еколошко образование)<br>• Професионално досие на наставници | педагошката евиденција и подготовките за реализација на наставната програма и подготовките за наставен час;<br><br>- Анкета за потреба од обуки и план за обуки за учебната година интерно во училиштето, независно од семинарите и обуките организирани од други проекти;<br><br>- Следење на непосредната реализација на задачите, примена на современи форми и методи, застапеност и користење на современи наставни средства и други технички помагала, воспитна насоченост преку увид на часови од страна на специјално формирана комисија за следење на наставата. При секоја посета на час согледувањата се внесуваат во листа за посета на час;<br><br>- Остварување на задолжителни разговори, консултации, советувања и давање помош на наставниците со цел унапредување и осовремување на наставата.<br><br>Во училиштето во тек е развивање на систем за следење на професионалниот развој на наставниците преку водење на професионално досие за наставници.<br><br>За реализација на еколошката програма неколку наставника од училиштето се обучени за Интеграција на еколошка едукација.<br><br>Училиштето е вклучено во 6 проекти од програмата Еразмус плус клучна акција 2, и 1 проект од клучна акција 1, со што се извршени повеќекратни обуки на наставниците и учениците во различни сфери од образованието со активности за учење, тренинг и поучување со повеќе партнер училишта од Европската унија. |
| **6.5** | Финансиско работење во училиштето<br><br>Извори на податоци:<br>• Годишен финансов план и извештај<br>• Годишен план за јавни набавки<br>• Записници од состаноци на Училишен Одбор<br>• Записници од | • **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br><br>Финансирањето на училиштето според законските регулативи доаѓа од основачот, МОН и остварени сопствени приходи од вонредни активности на училиштето. Според законските прописи и предвидените потреби, за своето финасиско работење училиштето на почеток на година изготвува финансов план за тековната година а на крај завршна сметка. За двата финансиски документа се поднесува извештај до Училишниот одбор, преку кој се информираат и останатите структури во училиштето, како и до финансиската служба на МОН.<br><br>Од страна на раководниот тим постои солидно познавање за финасиското работење како и примена на повеќе механизми за остварување на дополнителни приходи од вонредни активности во училиштето. Како механизам за потикнување на активноста на сите наставници е и Правилникот за наградување во училиштето.<br><br>Во поглед на инвестирање на финасиските средства, посебно за поголемите набавки, во училиштето задолжително се спроведуваат постапки за јавни набавки за чие спроведување се задолжени |

| | | |
|---|---|---|
| | Комисија за јавни набавки<br>• Записници од Совет на родители | комисии каде најчесто активна улога имаат членови од редот на наставниците. Дел од нив имаат и соодветни обуки за спроведување на постапките за јавни набавки. За предвидените набавки Директорот на училиштето донесува Годишен план.<br><br>За исходот и реализација на спроведените постапки Училишниот Одбор а преку нивните членови и останатите структури според законскита регулатива за јавни набавки се известуваат преку квартални извештаи. Доколку постојат промени во поглед на дополнителни потреби за кои се обезбедени финасиски средства Училишниот Одбор може да донесе одлука за дополнување на Годишниот план за јавни набавки.<br><br>• **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**<br><br>За транспарентно финасиско работење и контрола на истото е задолжена Комисија за јавни набавки при училиштето, која набавките за училиштето ги врши согласно со Законот за јавни набавки. Контрола на финансиското работење врши Училишниот Одбор преку периодични финансиски извештаи и Управата за јавни приходи. Информациите во врска со училишниот буџет се транспарентни и достапни за вработените и за родителите преку одлуките на Училишниот Одбор кои се истакнуваат на огласна табла, а родителите посебно можат да се информираат и известат преку Советот на родители. При изработка на финасиските планови секогаш за приоритети се земаат потребите за подобрување на квалитетот на настава во поглед на осовременување на нагледните средства и помагала а со тоа поквалитетна реализација на образовните цели.<br><br>Во врска со Планирање и трошење на училишниот буџет согласно еколошката програма и воспоставените еко-стандарди, во училиштето се прави План за набавка на еколошки средства за чистење, заштитни средства, алатки и прибор за чистење. |

**Анализа на резултатите**

**Силни страни**

- Во поглед на старосната структура колективот е доста подмладен со стручен наставен кадар кој внесува креативност во наставниот процес. Наставниците се редовни во изведување на наставата и се отворени кон своите ученици, подготвени се да им помогнат и да им посветат поголемо внимание.
- Современи и соодветни просторни услови – училници, кабинети и работилници
- Целосно опремени училници, кабинети и работилници со современи нагледни средства и помагала во чекор со напредокот на технологијата, како проект на МОН за опремување и функционалност на новоформираните Регионални Центри за стручно образование и обука
- Современа спортска сала, современ мултимедијален кабинет, лаборатории, пекарска работилница и козметички салон според најнови стандарди.

- Оптимална искористеност на просторните капацитети
- Стручно опремен наставен кадар преку обуки и постојана желба за постојана едукација
- Хигиената во училиштето, училишните работилници и училишниот двор е на високо ниво
- Опременост на работилниците и мини фармата за практична настава на учениците
- Зголемена енергетска ефикасност со заменета столарија (прозорци и врати) во сите простории и ходниците, заменето осветлување со енергетски ефикасно лед осветлување
- Квалификациите и стручноста на персоналот одговараат на потребите според наставните планови и програми (соодветен образован кадар и кадровска екипираност)
- Редовно планирање и обезбедување со потрошен материјал за реализација на квалитетна настава

**Слаби страни**

- Просторните услови (училници) за изведување на настава на Албански наставен јазик се од времен карактер.
- Недостиг од стручна литература

**Идни активности: приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето**

- Обезбедување на просторни услови за нормално одвивање на настава во делот каде се изведува настава на Албански наставен јазик
- Поставување на фотоволтаици во училиштето со цел подобрување на енергетската ефикасност

Тим за спроведување на самоевалуација за подрачјето Ресурси
-Сашо Стефановски
-Зоран Апостоловски
-Виктор Поп Глигоров

**Подрачје 7. Управување и раководење со училиштето**

<table>
<tr><td>7.1. Управување и раководење со училиштето</td><td>➢ Управување со училиштето<br>➢ Раководење со училиштето<br>➢ Спроведување на методологија на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td rowspan="2">Управување со училиштето<br><br>Управувањето и раководењето во училиштето го вршат Училишниот одбор и директорот на училиштето. <u>Училишниот одбор</u> согласно ЗСО брои 12 члена од кои: 4 члена се претставници од наставници, 3 од основачот, 3 од родители, 1 од МОН и 1 член од Стопанска комора. Составот на Училишниот одбор според половата и етничката застапеност е разновиден и брои 8 женски и 4 машки членови. Етничката структура е исто така разновидна односно 8 члена се македонци, 2 члена се од српска националност и 2 члена се од албанска националност.<br>Надлежностите за управување и за административни задачи јасно се дефинирани со Законот за средно образование, Статутот на училиштето и со Деловникот за работа на УО.<br>Присуство на седниците на УО за сите членови е задолжително.<br>Постои процедура за договарање на дневниот ред за состаноците на УО и достава на материјалите за седница на секој член на УО.<br>За да се обезбеди транспарентност во работата на УО, за дневниот ред и донесените одлуки редовно се информира Наставничкиот Совет од страна на своите претставници.<br>Советот на родители се информира преку својот претставник во УО.<br>Училиштето на секој член на УО му има обезбедено извадоци од Законот за средно образование кои се однесуваат на работата на УО со цел да се обезбеди успешно извршување на улогата на управување.<br>Во тек на 2022 има одржано 10 седници<br>Во тек на 2023 има одржано 4 седници<br>Во изминатиот период од 2022 до 2023 година Училишниот одбор одржа 14 состанока. Покрај редовните активности предвидени со законот Училишниот одбор на своите состаноци донесе повеќе одлуки и акти важни за непречено работење на училиштето.<br><br>За подобро разрешување на проблемите и размена на идеи раководниот тим соработува</td></tr>
<tr><td>• Закон за средно стручно образование<br>• Статут на училиште<br>• Деловник за работа на Училишен одбор<br>• Записници, одлуки и заклучоци од седници на Училишен одбор<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Извештај за работа на училиште<br>• Самоевалуација и План за развој на училиште<br>• Прирачник „Како да се стане еко-училиште“<br>• Формулар за членови на еко-одбор (прв чекот од еколошката програма)<br>• Записници од состаноци на еко-одбор</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | со вработените, стручните активи, учениците, родителите, другите средни училишта во и надвор од локалната заедница,а како Државно средно училиште-Регионален Центар за стручно образование и обука, активно соработува и е во постојана комуникација со Министерството за образование и наука, со Центарот за образование на возрасни, како и со други образовни институции.<br>Раководниот тим има за цел да создаде позитивна слика за училиштето не само во локалната заедница туку и пошироко, но и да обезбеди сигурна и пријатна атмосфера во која ќе биде задоволство да се биде ученик или наставник.<br>Раководниот тим има добра меѓусебна комуникација и редовно се состанува. Се труди да остварува добра соработка со вработените, учениците, родителите и другите субјекти и навреме и редовно ги известува за донесените одлуки. Училиштето ја креира политиката во согласност со:<br>- Законот за средно образование,<br>- Статутот на училиштето,<br>- Политиките на Министерството за образование и локалната самоуправа<br>Училиштето има Куќен ред на училиштето и Кодекс за однесување на ученици кој е поставен во холот на училиштето и Кодекс за однесување на вработените кој е поставен во наставничката канцеларија.<br>Во креирање на училишната политика се вклучени директорот, раководниот тим, наставничкиот совет, учениците, родителите, локалната заедница.<br>Средиште на воспитно-образовната работа е личноста на ученикот и неговите развојни можности.<br>Членовите на УО редовно учествуваат во сите манифестации кои се организирани од страна на училиштето<br><br>**Раководење во училиштето**<br><br>Со училиштето раководи Директорот заедно со својот раководен тим.<br>Раководниот тим го сочинуваат покрај директорот (србин), уште и три помошници директори, од кои 1 е жена македонка, 1 македонец и 1 албанец.<br>Тимот работи согласно Законот за средно образование, Статутот на училиштето, Правилникот за организација и систематизација на работните места во училиштето, План за развој на училиштето (2022-2026) и Годишната програма на училиштето.<br>Раководниот тим има јасно дефинирани задачи и обврски согласно Визија и Мисија на училиштето и работи според своите годишни програми (годишна програма на помошник |

| | |
|---|---|
| | директор и директор на училиштето). Во својата работа практикува секојдневни меѓусебни консултации, заеднички анализи на реализираните задачи и ги определува приоритети за наредниот период. Приоритет во реализација имаат задачите врзани за успешно реализирање на наставниот процес.<br>За сите одлуки кои ги донесува, раководниот тим претходно врши пошироки консултации, пред се со претседателите на активите а и со самите вработени, на состаноци, преку директни средби и тимска работа.<br>Професионалниот однос кон работата и кредибилитетот што го има раководниот орган на училиштето е заснован пред се на личниот пример во работата како и посветеност кон работните задачи и обврски. Тимот располага со повеќегодишно искуство во раководење, со знаења и вештини стекнати преку посета на разни семинари и обуки. Со цел успешно развивање на Регионалниот центар, раководниот тим на училиштето активно учествуваше на Обука во Школски Центар Нова Горица, Р.Словенија, како дел од Проектот Хелветас, финансиран од Амбасадата на Швајцарија, како и на повеќе обуки организирани од страна на WeGlobal.<br>Раководниот тим секогаш работи и преферира тимска работа а вработените активно ги вклучува и охрабрува да учествуваат во процесот на развој и креирање на политики, планирање и обезбедување квалитет во различни области.<br>Раководниот тим води грижа и ја следи реализација на Годишната програма и наставниот процес.<br>Раководниот орган има редовна и добра, писмена и усна, комуникација со државните образовни институции - Министерство за образование и наука, ДПИ, ЦСОО, БРО и ЦОВ, како и со големиот број на социјални партнери од локалната заедница и пошироко, со родителите и претставниците на различни институции и невладини организации.<br>Раководниот тим инсистира на комуникација по електронски пат при доставување на извештаи, записници од состаноци и слично, со користење на службен меил со што би се забрзала реализација на активностите. Документите доставени по електронски пат се поткрепени и со дополнително доставување на писмени документи со потпис и печат од институциите.<br>Раководниот тим активно учествува во процесот на самоевалуацијата на училиштето, развојното планирање и изработка на Годишната програма за работа на училиштето.<br>Реалноста на планирањето се базира на анализа на постоечките ресурси.<br>Преку ефективната самоевалуација се идентификуваат приоритетите во развојниот план на училиштето но и се одредува вистинската насока за подобрување на училиштето во сите сегменти.<br>Учениците и училиштето се вклучени во изработка на повеќе проекти од различни |

| | |
|---|---|
| <br><br><br><br><br>• Еко програма<br>• Еко кодекс<br>• Формулар за членови на Еко одбор<br>• Годишна програма на | области:<br>• Проекти од Еразмус + програма за мобилности на ученици и наставници во повеќе европски земји<br>• Мултиетничка интеграција во образованието (заеднички активности на ученици и наставници од различна етничка припадност)<br><br>Континуирано се спроведува систематски преглед на вработените согласно Законот за средно образование, со што се води поголема грижа за здравјето на наставниот и помошниот персонал.<br>Директорот заедно со менаџерскиот тим го афирмира училиштето во Републиката и надвор од неа. Склучени се Меморандуми за соработка со повеќе релевантни институции надвор од државата, Центар за стручно образование Нова Горица, Р. Словенија и Средња пољопривредно-ветеринарна школа „Стеван Синђелић“ Врање, Р. Србија.<br><br>**Спроведување на методологија на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма**<br><br>Училиштето е вклучено во проектот Еко-училиште и овие еко-активности се вградени во рамките на Годишната програма и во програмите на стручните активи. Учениците се вклучуваат со голем интерес во секоја еко-акција. Во секоја паралелка на ниво на година и на ниво на училиште делуваат еко-тимови кои партиципираат со свои идеи во програмата на училиштето. Спроведените еколошки акции говорат за широко прифатените активности од страна на учениците.<br>Раководниот орган на училиштето ја спроведува методологијата на седум чекори еко - менаџмент и редовно се грижи за реализација на сите чекори и активности согласно еколошката програма. Раководниот орган активно е вклучен во реализацијата на седумте чекори и придонесува за ефективно и ефикасно спроведување и донесување одлуки.<br><br>**Формирање на еко - одбор**<br><br>Директорот го формира еко - одборот на Наставнички совет, координатор на Програмата е Биљана Тодоровска, проф. по Историја. Претседателот на еко - одборот ги свикува седниците на еко - одборот и води записници. |

| | |
|---|---|
| училиште<br>• Извештаи од стручни активи<br>• Прирачник „Како да се стане еко - училиште„<br>• Дневници за работа на паралелките | **Анализа на состојбата на животната средина**<br><br>Анализата на состојбата на животната средина со помош на Анексите од прирачникот „ Како да се стане еко - училиште “ ја направи тимот за еко – училиште. Секоја година се прави посебна Анализа на состојбата во која учествуваат и тимови на ученици и врз основа на истата се изработува План на активности за учебната година.<br><br>**План на активности**<br><br>Координаторот заедно со членовите на Еко - одборот заеднички изработуваат План на активности со цел да се определат приоритетите и акциите кои треба да се преземат во работната година. Планот на активности се презентира пред Еко - одборот. За спроведување на Планот на активности е одговорен Директорот на училиштето кој воедно е член на Еко - одборот и тој делегира обврски за реализација на истиот. Учениците од еко – секцијата активно се вклучени во реализирање на планот на активности во тек на целата учебна година.<br><br>**Следење и евалуација на напредокот**<br><br>Следењето и евалуацијата на Програмата во училиштето ја прави Директорот заедно со тимот составен од наставник - координатор на Програмата и Еко – одборот и на крај се се заокружува со еко ден.<br><br>**Поврзување со наставната програма**<br><br>Координаторот и претседателот на Еко – одборот работат на интегрирање на еко – содржини во наставната програма. Имено сите наставници имаат обврска да интегрираат еко содржини на по неколку часови во текот на учебната година и истото да го внесат во нивните тематски планирања. Тие часови ги доставуваат до координаторот и претседателот кои ја пополнуваат табелата која понатаму е составен дел на Годишната програма на училиштето.<br><br>**Информирање и вклучување на целото училиште и пошироката заедница**<br><br>Еко – одборот и Директорот како неков член се одговорни за вклучување на целото училиште во пошироката околина со еко содржини. Училиштето до сега се афирмираше во пошироката заедница со два одржани еко денови, организирање средба на Градоначалникот со училиштата за потпишување на Меморандуми за соработка со општината, одбележување на Патрониот |

| | |
|---|---|
| | празник со теми од екологија, маскембалот што го организира Општината со еко – денот.<br><br>**Еко - кодекс**<br><br>Претседателот, координаторот и учениците од еко - секцијата изработија еко - кодекс (правилник за однесување на сите кои работат, учат, престојуваат и ги користат просториите и дворот во училиштето). |

| | |
|---|---|
| **7.2 Цели и креирање на училишната политика** | • **Јасност и соодветност на целите**<br>• **Процедури за креирање на училишна политика** |
| **Извори на податоци** | **Јасност и соодветност на целите**<br><br>Целите се јасно дефинирани и поставени во Годишната програма и Планот за развој на училиштето и се во согласност со целите на Националната стратегија за развој на образованието и локалната образовна политика.<br>Сите заинтересирани субјекти се информирани за целите и задачите на Годишната програма преку усвојување на истата на состаноците на Наставнички совет, УО и МОН.<br>Годишното планирање се изготвува врз основа на приоритетите од Развојниот план. Во изготвувањето на програмата учествува стручен тим на училиштето за изработка на Годишната програма како конструктор, мобилизатор, медијатор и поттикнувач на остварување на предвидените цели.<br>Училиштето ги мобилизира сите субјекти во остварувањето на целите. За истите се информирани сите наставници, членови на УО и Совет на родители. Останати родители се информираат посредно, на родителски средби за некои од активностите. Учениците се вклучени во креирањето на целите и се информирани за истите.<br>Наставата во училиштето се изведува на македонски и на албански јазик. Од странските јазици во училиштето се изучува англискиот јазик како задолжителен странски јазик.<br><br>Целите се соодветни, прецизни и јасно насочени:<br>- кон обезбедување на подобар квалитет на наставата,<br>- подобрување на услови за изведување на квалитетна практична настава во училиштето како и во соработка со надворешни претпријатија со што учениците би се оспособиле за работа и конкурентност на пазарот на труд. |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Самоевалуација<br>• Развоен план на училиштето<br>• План на активности<br>• Записници од Училишен одбор, Совет на родители и Наставнички совет | |

| | |
|---|---|
| | - континуиран професионален и стручен развој на сите партиципиенти во наставниот процес.<br>- креирање  на мерливи индикатори и критериуми за успешно следење на постигањата<br>- градење на партнерства со сродни училишта во Република Северна Македонија<br>- градење на партнерства со сродни училишта надвор од Република Северна Македонија<br>- промоција на училиштето и неговата дејност во локалната средина и пошироко<br>- активно учество на училиштето во спортски, културни и образовни манифестации кои се организираат во локалната заедница, на национално ниво и надвор од Р.С Македонија.<br>- поттикнување на образованието на возрасни со цел да се обезбеди можност за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи<br><br>**Процедури за креирање на училишна политика**<br><br>Нашето  училиште во законска процедура креира политики со која  постојано тежи да се развива во современ и регионален училишен центар. Главен принцип во креирање на училишните политики е целосно да се почитува и на ниту еден начин не се прекрши Законот за средно образование  и сите  други закони или нормативни акти кои се поврзани со работата на училиштето. Сите политики се насочени кон постојана  промена и усовршување на наставниот процес, подобрување на училишната клима и етос и создавање на безбедна работна средина за учениците и сите вработени во училиштето. Училишните политики се креираат со целосна вклученост на  сите структури во училиштето, односно  преку наставниците, стручните активи, наставничкиот совет, преку родителите на родителските средби и советот на родителите, ученичката заедница и преку соопштенија од страна на раководниот тим.<br>Стручните активи во својата годишна програма како и на своите редовни состаноци предвидуваат активности, потреби и мерки со кои директно учествуваат во креирање на политика и стратегија за развој на училиштето.<br>Наставничкиот совет води перманентна политика за подобрување на успехот и дисциплината во училиштето,  ја креира политиката на запишување ученици во прва година,  дава мислење и предлог за отворање на нови струки и образовни профили,.<br>Родителите предлагаат и покренуваат иницијативи за подобрување на безбедноста и условите за работа  на учениците во училиштето а преку своите претставници во Советот |

|  |  |
|---|---|
| | на родители директно влијаат на политиката и управувањето со училиштето. МОН преку својот претставник во УО влијаат на креирањето на училишната политика и ја координираат тековната работа на училиштето. Грижата за здравјето и безбедноста на учениците е на прво место. Раководниот тим во соработка со лекарите од здравствените установи во општината Куманово и со други експерти организира редовни предавања и трибини посветени на современите пороци и однесување на младите како што се алкохолизам, никотинизам, наркоманија, проституција, трговија со луѓе, предавања за заштита и навремено откривање на разни видови заболувања и сл. Соработката со Одделнот за малолетничка деликвенција при СВР е на завидно ниво.<br>Постои план за евакуација и спасување во случај на елементарни непогоди или пожар и тим од вработени кои имаат дефинирани задолженија.<br>За ученици со истакнати способности и нивна подготовка за учество на општински, државни и меѓудржавни натпревари се предвидени додатни часови.<br>За слабите ученици со цел полесно да ја совладаат материјата предвидена според наставната програма и да постигнат подобар успех се реализира дополнителна настава.<br>За учениците со посебни образовни потреби постои Програма и план за активности и индивидуални образовни планови за настава со учениците со посебни образовни потреби вклучени во паралелките со инклузија во образованието.<br>Во изработка на Годишната програма се вклучени стручните активи, стручна служба и сите наставници. Годишното планирање е во склад со развојниот план и се изготвува за една учебна година.<br><br>Директорот поднесува Извештај за реализација на Годишната програма пред Наставничкиот совет, Училишниот одбор и МОН.<br>Во интерес на реализирање на поставените цели, определени се соодветни задачи и активности, носители, како и време на реализација на истите. Критериумот за успехот е директен индикатор на квалитетот на извршената задача, нивото на заинтересираност и мотивираност на носителите на активностите. |

| 7.3 Развојно планирање | ➢ **Цели на развојно планирање**<br>➢ **Професионален развој / стручно усовршување на кадар**<br>➢ **Материјално технички средства**<br>➢ **Инфраструктура** |
|---|---|
| **Извори на податоци**<br><br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Развоен план<br>• Годишни извештаи за работа на училиштето<br>• Записници од Совет на родители при училиштето<br>• Статут на училиште<br>• Закон за средно образование<br>• Записници од родителски средби<br>• Дневници за работа на училиште<br>• Записници од наставнички совет | **Цели на развојно планирање**<br><br>Главна цел на развојното планирање е да се дефинираат и определат мерките за реализација на стратешките цели, односно да се види и определи насоката во која треба да се придвижи училиштето во определен временски период. За остварување на оваа цел во училиштето се прави на секои две години самоевалуација на работата и функционирањето на училиштето за да може да се види „од каде сме тргнале или какво било училиштето пред две години„ и „ каква е состојбата сега„ но и да се определи идната насока „Каде сакаме да бидеме во наредниот двогодишен период?" Врз основа на направената самоевалуација во училиштето, определени се стратешките цели кои се основа врз која што е изградена визијата на училиштето. Дефинирањето на стратешките цели е појдовна основа за изработка на План за развој на училиштето - ПРУ .<br>ПРУ се операционализира во годишен оперативен план кој е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Во Годишната програма се дефинирани оперативните цели кои треба да се реализираат преку конкретни задачи и активности во текот на учебната година. Во годишната програма има дефинирани мерливи и споредливи индикатори врз основа на кои може да се утврди дали некоја цел се остварува или не се остварува.<br>Реализацијата и операционализација на целите се редефинира годишно. Годишниот извештај за реализација на Годишната програма се навраќа на степенот на реализација и остварување на стратешките цели и развојниот план на училиштето.<br>Целите се усогласуваат со утврдената политиката за развој на образованието на локално и национално ниво. Целите на развојно планирање се усогласени и со визијата и мисијата на училиштето. Сите структури во училиштето (наставен кадар, стручна служба, Совет на родители, ученичката заедница) редовно се информираат и се запознаени со конечно дефинираните цели за развој и предлозите за нивно реализирање. |

| | |
|---|---|
| | **Професионален развој / стручно усовршување на кадар**<br><br>Квалитетен наставен кадар е предуслов за добро образование. Затоа и оваа развојна цел ја има постојано во секоја Годишна програма и е во самиот врв на приоритетите на училиштето. Потребата од постојано усовршување е постојана со оглед на фактот што брзиот технолошки развој бара брза реакција од сите. Согласно на финансиска состојба, училиштето издвојува и наоѓа средства преку разни проекти за усовршување на наставниот кадар.<br>Редовно се прави анализа на потребите од обуки и истите се искажуваат до релевантните институции (БРО, МОН, ЦСОО) но и самите наставници се вклучени во реализација на обуките. Во училиштето е воведен проектот Безбедни училиште (под покровителство на Локален совет за безбедност при Општина Куманово и СВР Куманово и ОБСЕ). Во училиштето функционира е-дневник и електронско информирање на родителите за успехот и редовноста на своите деца.<br>Наставниците во изминатите две години посетија повеќе обуки, промоции, симпозиуми со цел збогатување на своето знаење и практична примена во настава, како и отворање на училиштето кон современи текови во образованието. Сите реализирани обуки се содржат во Извештаите за работата на училиштето во изминативе две години. За секој наставник се изготвува посебно Портфолио за неговиот професионален развој. Стручната служба изготвува Регистар за професионален развој на наставниците и раководниот тим.<br>Во Регистарот се внесени сите поминати обуки во изминатите две години, како доказ за постојано и квалитетно усовршување и развој на наставниот кадар и раководниот тим. |

| | |
|---|---|
| | **Материјално технички средства**<br>Со оглед на фактот што во училиштето постојат шест струки и повеќе образовни профили, потребата од материјално технички средства и помагала е значителна.<br>Главна цел на училиштето е да обезбеди соодветни материјално технички ресурси неопходни за правилна едукација на учениците за да можат веднаш по завршување на образованието да се вклучат во производниот процес но исто така и да се во тек со современите технолошки достигања.<br>Училиштето како Регионален центар за стручно образование и обука е опремено и постојано се доопремува со опрема согласно на Нормативите за опременост на струките донесени од ЦСОО. Целосно се опремени Земјоделско-ветеринарната струка и Хемиско-технолошка струка. Потребите од материјално технички средства во училиштето континуирано се идентификуваат врз основа на доставените барања од стручните активи.<br>Согласно на финансиите со кои располага училиштето приоритет на набавки за нагледни средства и опрема се дава на оние средства кои оптимално се искористуваат и обезбедуваат подобра настава.<br>Набавките се реализираат според Годишниот план за јавни набавки<br>Училиштето покрај редовната грижа за одржување на опремата (осигурување на опремата во осигурителна компанија и обученост на кадарот за правилно користење) има воспоставено и процедури за надомест на направена штета кои се во согласност со Правилникот за надомест на штета.<br>Значителни материјални средства училиштето обезбедува преку учество во разни проекти но и рационално ги користи сопствените средства стекнати од училишната економија.<br>Од сопствените средства училиштето врши санација на училишен минибус, одржување на посточките земјоделски машини и други превозни средства, задоволување на потребите на училишната фарма и задоволување на потребите на кабинетите за лични услуги и пекарска работилница како и на хемиските лаборатории. |

| | |
|---|---|
| | **Инфраструктура**<br><br>Во изминатите две години се извршени комплетни интервенции во поглед на подобрување на просторните услови во училиштето:<br><br>1. Главна училишна зграда (нова кровна конструкција, нови плафони, нова подна облога, нова столарија, целосна промена на внатрешни и надворешни врати,покривање на скалите на главниот влез, малтерисување и молерисување,  реконструирани тоалети и тоалети за лица со посебни потреби ,термо изолирана фасада, лифт за пристап до катови и скалишни хидраулични платформи, тактилни патеки со информативни знаци и табли според стандарди)<br>2. Фарма (целосна промена на надворешна столарија,обработка на надворешни ѕидови)<br>3. Гаража за механизација, млин и работилници (нова кровна конструкција, нови плафони, нова подна облога, нова столарија)<br>4. Работилници, кабинет за машинска, земјоделско-ветеринарна и хемиско-технолошка струка (нова кровна конструкција, нови плафони, нова подна облога,нови тоалети, нова столарија, тактилни патеки на плато пред објектот со информативни знаци и табли)<br>5. Ученички дом (нова кровна конструкција, нови плафони, нова подна облога, нова столарија, молерисување, термо-изолирана фасада, реконструирани тоалети и тоалети за лица со посебни потреби и пристап на лица со посебни потреби и скалишни хидраулични платформи)<br>6. Партерно уредување (комплетно партерно уредување со асфалтни и бетонски пристапни патеки,паркинг за возила и паркинг места  за лица со посебни потреби, тактилни патеки на плато пред објектите со информативни знаци и табли)<br>7. Пумпна станица (нова кровна конструкција и нова столарија)<br>8. Електрична инсталација (светилки,приклучници)<br>9. Машинска инсталација (нови радијаторски грејни тела,во училишна спортска сала поставена комплетна инсталација за загревање) |

| | |
|---|---|
| | Направени се комплетни интервенции на: санитарен водовод, фекална канализација, атмосферска канализација и хидрантска мрежа.<br>Значително се подобрени условите за учениците со посебни потреби и хендикепирани ученици со монтажа на лифт, патеки за движење на слепи лица.<br>За потребите на училишното стопанство набавен е нов современ житен комбајн и друга потребна механизација (мулчер, дисков култиватор,цистерна за изѓубрување, циклон за вештачко ѓубриво, мултифункционални тримери, моторна дупчалка, сетвоспремач, моторни косачки за трева, автоматски ножици за кроење). Во тек е набавка на останата современа механизација за обновување на машино-тракторски парк.<br>Врз основа на одлуката на МОН, направено е примопредавање на објектот во старата Касарна „Карпош“ , во сопственост на Република Северна Македонија, а идниот корисник е Државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“ Куманово. Примопредавањето е официјално остварено на 06.02.2023, а реконструкцијата ќе започне во најкус можен рок. Учениците од паралелките на албански наставен јазик конечно ќе добијат можност да учат во современи услови, како што и заслужуваат. Со тоа целосно ќе биде заокружен процесот на модернизација на училиштето.<br>Обновени се канцелариите за наставници, административна и стручна служба<br>Набавени се нови клупи за училишниот двор;<br>Саниран е покривот на спортската сала;<br>Уреден е училишниот двор;<br>Обновено  е осветлувањето околу училишниот двор, односно училишниот објект.<br>Училиштето располага со доволен простор и кабинети за изведување на практична обука и вежби. За опремата е направена спецификација според стандардите за простор и опрема наменет за Регионални центри за стручно образование и обука изготвени од ЦСОО. |

## РЕЗУЛТАТИ – Клучни јаки страни и слабости во училиштето

### КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ

- надлежностите за управување со училиштето се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО.
- процедурата на закажување и организирање на состаноци на УО обезбедува состаноците секогаш да се одржуваат со мнозинство на членови на одборот
- родовата и етничката структура на УО
- транспарентност во информирање на сите училишни субјекти за донесените одлуки на УО
- партнерскиот однос помеѓу УО и директорот на училиштето
- Државно средно училиште – Регионален Центар за стручно образование и обука што води кон извонредност со што училиштето е сериозен фактор во развојот на Североисточниот Регион
- раководниот тим преферира тимска работа и донесување на одлуки во консултација со повеќе структури во училиштето
- целите на развојното планирање и визијата на училиштето се јасно дефинирани од страна на раководниот тим
- грижата за професионалниот развој на наставниците е на високо ниво
- во креирање на училишните политики учествуваат сите засегнати структури
- раководниот тим ја промовира добрата пракса што постои во училиштето
- стручен, креативен, релативно млад, добро организиран наставен кадар, спремен за соработка и давање помош на раководниот тим
- добра соработка со Стручни активи, Ученичка заедница, Совет на родители и Бизнис заедница
- водење на грижа за ментално и физичко здравје на ученици и вработени
- активно учество во разни проекти на локално ниво и Еразмус + проекти за мобилности на ученици и наставници
- активно учество во разни образовни асоцијации и здруженија (Лидер, Тера Фитон Анимал)
- препознатливост во Североисточниот регион и во Република Северна Македонија
- добра комуникација на раководниот тим со вработените, родителите и социјалните партнери
- редовно следење и вреднување на работата на наставниците и педагошката документација
- посветеност и професионален однос кон работата
- создавање на партнерства со училишта во и надвор од Република Северна Македонија
- јасно дефинирани активности и задачи наведени во Годишната програма кои се во насока на реализација на развојниот план
- материјално технички ресурси со кои располага училиштето
- современа инфраструктура
- инклузивно училиште

## СЛАБИ СТРАНИ

- реконструкција и опремување на училишна зграда за ученици кои настава реализираат на албански наставен јазик
- недостаток од човечки ресурси (администратори – одржувачи на компјутерска опрема)
- ограничени финансиски средства за одржување на училишните објекти  како и за доопремување со нагледни средства и опрема
- ограничени (минимални) средства во училишниот буџет за професионален развој на наставниците

**Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето**

- потреба од финансиски планови за обезбедување на средства за подмирување на потребите на наставниците и учениците со јасно поставена намена
- поголемо вклучување на родителите и учениците во креирање на училишната политика;
- развивање свест кај родителите за поголема заинтересираност за успехот, редовноста и поведението на нивното дете;
- обновување на лозови и овошни насади, обновување на сточниот фонд;
- реконструкција на надворешно спортско игралиште;
- поставување на фотоволтаични панели за ефикасна потрошувачка на електрична енергија;
- реконструкција и опремување на училишната зграда за настава на албански јазик;
- пуштање во употреба на ученичкиот дом;
- усовршување на наставен кадар.

Тим за спроведување на самоевалуација за подрачјето Управување и раководење

-Весна Трајковска
-Виолета Пешевска
-Сашо Стефановски
-Зоран Тодоровски

**ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА**
**СО ФОРМИРАНИ КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ КОИ ЌЕ СТАНАТ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА ДСУ РЦСОО „КИРО БУРНАЗ“ КУМАНОВО**

Од извршената самоевалуација на училиштето можат да се извлечат следните клучни приоритети од сите подрачја:

| **КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ** |
|---|
| - Подобрување на информираноста на учениците и родители со користење на сите нови технички можности во училиштето и образовниот систем, а со тоа и поттикнување на интерес за подобра соработка со родителите.<br>- Проширување на соработката со локалната заедница и бизнис секторот вклучувајќи и нови, водејќи грижа за потребите на пазарот<br>- Поголема транспарентност за успесите кои ги постигнуваат учениците во воннаставните активности<br>- Примена на методи и техники за зголемување на мотивираноста на учениците<br>- Зголемување на учество на учениците во државни натпревари и презентација на постигањата на учениците пред пошироката јавносто со учество на медиуми и сл.<br>- Да се подобри тимската работа кај учениците<br>- Оспособување на учениците за користење на различни извори на информации (интернет, литература и сл.) со цел подобрување на работните вештини<br>- Поголема промоција на училиштето за упис на повеќе ученици;<br>- Активирање на организирана исхрана во училиштето;<br>- Комплетно реконструирање и опремување на новата училишна зграда за дисперзираните паралелки на албански наставен јазик .<br>- Да се изготви стратегија за привлекување на ученици со подобар успех од основно образование<br>- Да се стави акцент на Регионалниот центар и обуките кои ке се вршат во него |

- Поставување на фотоволтаици во училиштето со цел подобрување на енергетската ефикасност

- Потреба од финансиски планови за обезбедување на средства за подмирување на потребите на наставниците и учениците со јасно поставена намена

- Поголемо вклучување на родителите и учениците во креирање на училишната политика;

- Обновување на лозови и овошни насади, обновување на сточниот фонд;

- Реконструкција на надворешно спортско игралиште;

- Пуштање во употреба на ученичкиот дом;

- Усовршување на наставен кадар.